Секое утро **Утрински брифинг** на www.**slobodenpecat.mk** / www.**slobodna.tv**

# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918

**Кунгуловски**

Како да го враќаме општеството во нормала додека трае ковид-19



**Димовски**

Вакцината е „откриена“ кај пензионерите?!



макс. дозволено 50 μg/m3

Струга

57 μg/m3

PM 10

mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 8 | 12 |
| Охрид | 6 | 11 |
| Битола | 6 | 10 |
| Маврово | 3 | 9 |

**ВТОРНИК 21 АПРИЛ 2020** | Број 1938 | Година VIII | **WWW. SLOBODENPECAT.MK** **15 денари**



**Христијан Мицкоски**, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, излегува од карантин

**Изолацијата не е лесна, но е неопходна за да се намали прогресијата на вирусот**

страница 4



Финансии

**Дали домашниот есап ќе излезе на странскиот пазар на пари?**

страница 8



Нова уредба на Владата со законска сила

**Кој се тестира, мора да се изолира**

страница 3



Страшно злосторство во Канада

**Мирното момче масакрира 16 луѓе**

страница 10

## До кога ќе се прогласуваат по 30 дена вонредна состојба?

# Системот со ковид, излезот кратковид!

**Пречки** Помалите политички партии и граѓанските организации сметаат дека нема никакви законски пречки и повикуваат итно да се свика собраниска седница за да се дискутира за вонредната состојба и за мерките против коронавирусот, но од народните претставници засега нема ниту збор.



Фотографија **Слободен печат / Драган Митрески**

## Трет ден Велигден, трета среќа во несреќа

● Велигден каков што не се памети - празни храмови, осамени свештеници, ретко некаде верници... Само најхрабрите се осмелија да се причестат. Дали денеска сето тоа ќе биде надоместено или сите ќе му одолеат на искушението и ќе останат во храмот на семејството?

# Хроника

Моќта на службените лица во вонредна состојба се зголемува, а поради тоа се зголемуваат и ризиците од намерни грешки, но Кривичниот законик во ниту еден случај, ниту во услови на вонредна состојба не ги ослободува од одговорност лицата кои ја злоупотребиле позицијата и не работеле во согласност со прописите.

**Билјана Ивановска, директорка на Државната комисија за спречување корупција**

**Епидемија.**

## Тројца починати, 18 новозаболени од ковид-19

• Во изминативе 24 часа, до вчера напладне тројца пациенти позитивни на ковид-19 починаа, регистрирани се 18 новозаболени, а 21 пациент се излекувани од болеста, покажуваат податоците објавени на веб-страницата на Министерството за здравство.

На Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје почина една пациентка од Лабуништа на 46-годишна возраст, примена на 29 март, а подолг временски период била на механичка вентилација. На истата клиника почина и еден 71-годишен пациент од Прилеп, лекуван на клиниката од 15 април. Во Градската општа болница „8 Септември“ почина пациентка од Куманово на 63-годишна возраст, хоспитализирана во тешка состојба на 6 април и веднаш поставена на респираторна машина.

Регистриран е 21 излекуван пациент – 16 од Скопје, 3 од Куманово и 2 од Штип, сите се лекуваа во домашни услови. Со ова бројот на излекувани пациенти во земјата изнесува 200.

На Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје, примени се 3 пациенти од Скопје, Струга и Прилеп со средно тешка и тешка состојба. Вкупно се хоспитализирани 56, од кои 18 се на кислородна поддршка, а 3 се на механичка вентилација.

Во ГОБ „8 септември“ се примени 15 нови пациенти. Сомнителни пациенти, кои добија негативен резултат, се префрлени на други одделi, па во моментов на одделот за ковид-19 се хоспитализирани 34 потврдени и сомнителни пациенти. Со потешка клиничка слика се 9 пациенти, а 6 се на респираторна машина.

Во болницата во Битола се хоспитализирани 14 пациенти потврдени и сомнителни на ковид-19, а на домашно лекување се следат уште 15 пациенти. Во штипската болница во моментов се лекуваат 5 позитивни пациенти, сите во стабилна состојба, а на домашно лекување се следат 19 пациенти.

Со најновите 18 потврдени случаи на заболени од коронавирусот, вкупната бројка на дијагностицирани лица во нашата земја изнесува 1.225.

**Дилеми** До кога ќе се прогласуваат по 30 дена вонредна состојба?

# Во Собранието е лекот, но пратениците молчат



**Пречки** Помалите политички партии и граѓанските организации сметаат дека нема никакви законски пречки и повикуваат итно да се свика собраниска седница за да се дискутира за вонредната состојба и за мерките против коронавирусот, но од народните претставници засега нема ниту збор

**Соња Христовска Угриновска**

Најголемите политички партии во Македонија СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ немаат проблем со новите 30 дена вонредна состојба што на 16 април ги прогласи претседателот Стево Пендаровски поради продолжената закана од коронавирусот, но помалите партии, граѓанските организации и поединци деновиве сè погласно бараат самораспуштеното Собрание итно да се состане и да ги исконтролира одлуките на Владата со кои значително се ограничуваат граѓанските права.

Откако Пендаровски пред пет дена ја презеде одговорноста и, при уставни недоречености, донесе нова одлука со која се утврди вонредна ситуација во период од 30 дена, се наметна прашањето уште колку вакви одлуки може да донесе претседателот? Односно дали на 16 мај ќе донесе трета ваква одлука за нови 30 дена, па во јуни четврта итн. и кога во Македонија ќе се одржат парламентарните избори?

Според Уставот, само Собранието може да одлучи за завршување на вонредната состојба, па се наметнува и прашањето кој пратенички состав и кога ќе донесе таква одлука, затоа што спикерот Талат Џафери инсистира дека актуелните пратеници повеќе немаат мандат, а изборите во вонредна состојба не е реално да се организираат. Од друга страна, и пикот на заразата во Македонија сè уште не е достигнат, а најавите за ограничување на движењето на старите лица до крајот на годината сугерираат дека вонредната состојба ќе потрае уште долго.

### Вонредната ќе трае сè додека јавноста дава поддршка

Политичкиот аналитичар Петар Арсовски смета дека претседателот Пендаровски ќе може да ја прогласува вонредната состојба сè додека јавноста го поддржува.

- Не ја анализирам ситуацијата правно, туку политички. Во Уставот има недоречености околу прогласувањето и продолжувањето на вонредната состојба, која може да трае најмногу 30 дена, и Пендаровски ќе може да ја презема одговорноста да ја продолжува сè додека има широка поддршка за тоа. Јавноста ги поддржува преземените мерки затоа што бројот на заразени и починати од коронавирусот секојдневно расте и затоа „ќе му гледа низ прсти“ и ќе нема забелешки. Толку е голема оваа глобална здравствена криза што луѓето се согласуваат и со најстрогите мерки. Но, ако дојдеме до момент бројот на заразени да се намалува, а власта да се обидува да ја злоупотреби вонредната состојба, тогаш под притисок на јавноста, власта ќе го мери секој свој чекор и ќе внимава и на најмалата процедура, а вонредната состојба нема да може да се продолжува - вели Арсовски за „Слободен печат“.

Според него, ако претседателот не прогласи вонредна состојба по третпат во мај, состојбата во земјата ќе се врати на истата правно-политичка ситуација каква што беше пред да биде прогласена на 18 март.

- Тоа значи дека изборниот процес ќе продолжи онаму каде што прекинал. Ние бевме на неколку денови пред почеток на предизборната кампања, со заклучени кандидатски листи, завршена ждрепка за редослед на гласачкото ливче итн. Ако се посака да се одложат изборите за да се добие време во кое ќе се анализира однесувањето на Владата во вонредната состојба, тогаш изборите мора да бидат поништени, па сè да почне од почеток, а за тоа треба да се свика Собранието. Но, ако се укинат изборите, тогаш на сцена ќе се врати претходната политичка влада, наместо сегашната техничка - вели Арсовски.

Тој смета дека претседателот не го крши Уставот туку наоѓа начин да донесе одлука во услови на уставни недоречености.

### Помалите партии бараат итна собраниска седница

Твоја партија ги повика пратениците да се вратат во Собранието и да ја преземат контролата над извршната власт.

„Ги повикуваме да се произнесат во врска со продолжувањето на вонредната состојба. Твоја партија го повикува претседателот да не дозволи натамошно кршење на Уставот со пролонгирање на вонредната состојба надвор од уставните одредби“, апелираа од неодамна формираната партија.

Твоја партија потенцира дека во Упатствата од Советот на Европа доставени до Македонија е наведено дека „продолжувањето на вонредната состојба и нејзината потреба треба да бидат предмет на контрола од Парламентот“ и според тоа, не постојат ниту правни ниту други причини поради кои не може да функционира Собранието.

„Според Уставот, Деловникот, Законот за Собранието и Законот за пратениците, мандатот на пратеникот трае од моментот на верификација до верификација на новоизбраните пратеници или до моментот на исполнување на некој од законските услови за негов престанок. Самораспуштањето на Собранието не е идентификувано како основа за губење на мандатот. Ова Собрание може да се смета за Собрание во оставка, кое мора да ги извршува клучните задачи што му припаѓаат“, соопштија од Твоја партија.

Партијата Демократски сојуз предложи претседателот, Владата и најмалку 20 пратеници да побараат да се свика итна собраниска седница, на која ќе се расправа за вонредната состојба и потребата од продолжување.

„Парламентот треба да отвори и сериозна расправа за издржаноста и оправданоста на мерките за борба со коронавирусот и подготовките за нивното олабавување, за враќање на животот во нормала, за заштитата на човековите права и сл. ДС укажува дека Собранието е во постојано заседание и не постојат уставни и законски пречки да се свика Парламентот, но политички постојат, поради тоа што голем дел од актуелните пратеници не се на кандидатските листи за пратеници. Можеби е тоа мотивот за блокада на Парламентот. Инаку, нема никаква основа Талат Џафери и натаму да се спротивставува да свика седница“, соопшти ДС.

**Во Упатствата од Советот на Европа доставени до Македонија е наведено дека „продолжувањето на вонредната состојба и нејзината потреба треба да бидат предмет на контрола од Парламентот“ - потсетува Твоја партија.**

**Демократскиот сојуз предложи претседателот, Владата и најмалку 20 пратеници да побараат да се свика итна собраниска седница, на која ќе се расправа за вонредната состојба и потребата од продолжување.**

**Поради неодговорност** Нова уредба на Владата со законска сила

# Кој се тестира, мора да се изолира

**Однесување** Владата реши да реагира откако во повеќе наврати беше утврдено дека граѓаните што чекаат резултати од тест за коронавирус тоа не го прават дома во изолација, туку се појавуваат на работните места, одат на лекар, во продавница и едноставно продолжуваат со извршувањето на секојдневните рутини надевајќи се дека тестот ќе им биде негативен.



↑ Многумина се носители на вирусот, а не знаат дека се позитивни, велат здравствените власти / Фото МИА

**Мирослава Бурнс**

Тројца вработени во Центарот за јавно здравје во Велес имаат коронавирус и до утре (среда) оваа здравствена институција нема да зема брисеви за присуство на вирусот од граѓаните. Утре се очекува да стигнат резултатите од брисевите на сите што биле во контакт со заразените колеги. Позитивно е едно лице, административен работник во здравствената институција, и двајца од социјална медицина.

- Стопираме со работа додека да пристигнат резултатите од тестовите за останатите вработени. Ќе се прават тестирања за вработените во Центарот за да знаеме дали има нови позитивни и да се утврди кои ќе одат во изолација. Ќе мора да се направи реорганизација. Тројцата позитивни се тестирани случајно, зашто ние одвреме-навреме правиме тестирања за вработените. Веројатно се заразени однадвор, човек мора да отиде и до продавница, едноставно не се знае како дошло до тоа. Лоша е ситуацијата што веќе помеѓу граѓаните не можеме да знаеме кој е позитивен. Немаат симптоми и не ни знаат дека се позитивни - ни рече директорот на Центарот за јавно здравје во Велес Тони Димитриев.

Лицата се без симптоми, како и голем број од носителите на вирусот во земјава. Ако се јават други позитивни, тогаш тестирањето ќе продолжи на одреден пункт, а не во Центарот.

- Навистина многумина се носители, а не знаат дека се позитивни. Имавме случај кога тестиравме младо момче на вирусот, и тоа чекаше резултати. Наместо дома момчето отишло во викендичка со другарите. Моравме да го враќаме со полиција во изолација откако вечерта резултатот излезе позитивен. Тестирањето не се прави веднаш, поради опасноста резултатите да бидат лажно негативни. Вируленцијата се јавува од петтиот до осмиот ден - објаснува директорот.

Во Велес има и вработени од супермаркет носители на вирусот, по што се преземени сите мерки за самоизолација и во маркетот ќе се донесе нов персонал на работа.

**Стопираме со работа додека да пристигнат резултатите од тестовите за останатите вработени. Ќе се прават тестирања за вработените во Центарот за да знаеме дали има нови позитивни и да се утврди кои ќе одат во изолација - вели директорот на Центарот за јавно здравје во Велес, Тони Димитриев.**

Откако во повеќе наврати беше утврдено дека граѓаните што чекаат резултати од тест за коронавирус тоа не го прават дома во изолација, туку се појавуваат на работните места, одат на лекар, во продавница и едноставно продолжуваат со извршувањето на секојдневните рутини надевајќи се дека тестот ќе им биде негативен, Владата реши да реагира. Владата го задолжи Министерството за здравство веднаш уште за наредната седница да подготви предлог-уредба со законска сила, која предвидува задолжителна самоизолација за сите граѓани што вршат тестирања за ковид-19, најмалку до моментот на добивањето на резултатот, согласно со епидемиолошката анкета.

Министерот Венко Филипче вели дека уште од почеток постоела јасна насоката од Комисијата за заразни болести дека тест се прави на пациент што има симптоми.

- Во таа смисла, јасно е дека тој човек мора да биде во изолација. Тоа беше меѓу првите работи што ги утврдивме при поставувањето на стратегијата. Да се скринираат пациенти со симптоми. А сите други да одат во самоизолација, до појава на симптомите, по што важи истиот пристап - објаснува министерот Филипче.

## Задолжително маска, шал или марама во Тетово, Прилеп и во Куманово

• Од среда, 22 април, сите граѓани што се движат во Тетово, Прилеп и во Куманово, ќе мора тоа да го прават задолжително носејќи маска, шал или марама. Ова се однесува на движењето надвор од домовите, на сите јавни места и површини од отворен и затворен тип, како и во затворените простории, маркети, продавници. Од денеска се забранува и организиран превоз на патници, односно забрана за влез и излез во и од подрачјето на општина Тетово и сите околни општини.

Во меѓувреме се очекуваат наодите од инспекцијата во Куманово, каде што на седница на кризниот штаб присуствуваа повеќе министри, кои откако се дозна дека градоначалникот Максим Димитриевски е позитивен на коронавирус, се повлекоа во самоизолација и работат од дома.

## Пендаровски.

### Владата брзо да размисли што ќе преземе во Куманово

• Владата ќе мора во следните 24 или 48 часа да размисли дали во Куманово ќе примени комплет или делови од моделот за затворање на општините Дебар и Центар Жупа, со цел да се спречи поголемо ширење на вирусот, изјави претседателот Стево Пендаровски. Одговарајќи на новинарско прашање каков е неговиот став за Куманово, претседателот Пендаровски рече дека ситуацијата таму е лоша и трендовите се негативни.

- Една од најголемите тешкотии е фактот што има приличен број заразени здравствени работници во главната болница. Тоа е работа на Владата. Држејќи се до препораките на епидемиолозите и до препораките на сите надлежни органи, мислам дека ќе мора многу брзо во следните 24 или 48 часа да размисли дали комплет или делови од моделот применет при затворање на општините Дебар и Центар Жупа не би требало да се применат и во Куманово, со цел да се спречи поголемо ширење на вирусот - изјави Пендаровски.

## Спасовски.

### По Први мај постепено враќање во нормала

• „Подготвуваме сериозен план, по првомајските празници да почне процес на враќање на нормала. Тоа нема да биде бргу, ниту веднаш“ - напиша премиерот Оливер Спасовски на својот фејсбук-профил.

Премиерот Спасовски пред два дена на онлајн прес-сесија за ковид-19 под наслов „Ретроспектива: коронавирус МК“, информираше дека се прави сериозен план за тоа како и на кој начин по Први мај да се почне со олеснување на некои од мерките, а кои ќе бидат во функција на враќање на животот во нормала.

Премиерот Спасовски пред два дена на онлајн прес-сесија за ковид-19 под наслов „Ретроспектива: коронавирус МК“, информираше дека се прави сериозен план за тоа како и на кој начин после 1. Мај да се почне со олеснување на некои од мерките, а кои ќе бидат во функција на враќање на животот во нормала.



**Христијан Мицкоски** лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, излегува од карантин

# Изолацијата не е лесна, но е неопходна за да се намали прогресијата на вирусот

**Дисциплината е многу важна во справувањето со негативните последици од пандемијата. Колку повеќе се придржуваме до препораките, толку помала ќе биде нејзината прогресија. И сметам дека голем дел од граѓаните досега покажаа одговорно однесување.**



**Ние како опозиција ќе продолжиме конструктивно да делуваме, да даваме и да нудиме решенија, но воедно треба да знаат дека подадената рака не значи дека може тоа да се злоупотребува.**

**Весна Тодоровска**

Претседателот на најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, Велигден го помине дома со сопругата и со двата сина. За „Слободен печат“ вели дека овој пат го немало вообичаеното одење во црква и следење на велигденската литургија, но секако најважно е што се чувствува во срцата. Во самоизолација поради коронавирусот најмногу му недостасувале семејството и слободата на движење. Порачува дека е многу важно луѓето да се однесуваат совесно и да ги почитуваат препораките на здравствените работници.

**• Г. Мицкоски, бевте во самоизолација поради контакт со новинар заболен од коронавирус. И вториот тест на ковид-19 Ви е негативен, што значи излегувате од карантин. Што најмногу Ви недостасуваше во деновите поминати во самоизолација?**

- Се разбира семејството, особено што ден по самоизолацијата мојот син славеше роденден, а не бевме во можност да го поминеме заедно како што секогаш тоа сме го правеле во минатото. Инаку, што се однесува до останатиот дел од трошење на времето, можам да кажам дека добро се снајдов особено што имав повеќе време за анализирање на економските состојби. Не е лесен тој процес на самоизолација, но сметам дека има далеку полоши ситуации, особено оние што се во потешка здравствена состојба и се борат за своите животи. Ми недостасуваше и слободата на движење бидејќи таа ве ограничува во вообичаените работи што ги правите во текот на денот, но во исто време мислам дека е многу важно луѓето да се однесуваат совесно и да ги почитуваат препораките на здравствените работници, впрочем на тој начин освен што се грижите за своето здравје, така се грижите и за здравјето на луѓето околу вас.

**Куманово е жртва на меѓупартиски препукувања на оние што ја водат Владата и оние што го водат градот. Јасно не ја гледаат големата слика, а тоа е здравјето на народот, туку и на двете страни поважна им е доминацијата во градот и нивната кариера.**

**• Граѓаните како да не се многу дисциплинирани во почитување на препораките, но и кон самите себе, кон своето здравје. Што би им порачале?**

- Верувам дека голем дел од граѓаните не им паѓа лесно што мора да се придржуваат до правилата препорачани од стручните лица и фактот што се воведе полициски час. Освен негативните работи, сепак има и позитивни, а тоа е времето поминато со семејството. Инаку, дисциплината е многу важна во справувањето со негативните последици од пандемијата. Колку повеќе се придржуваме до препораките, толку помала ќе биде нејзината прогресија. И сметам дека голем дел од граѓаните досега покажаа одговорно однесување, она што недостасува е проактивен однос на Владата и активни мерки што ќе донесат поголема ефикасност во борбата против пандемијата. А, економската состојба е посебна приказна, таму состојбите се влошуваат од ден на ден.

**• Како гледате на најновата ситуација. Дел од членовите на Владата се во самоизолација откако беа во Куманово?**

**Не постои стопанственик што е задоволен од мерките на Владата, и ова не го кажувам затоа што сме опозиција, па нормално е опозицијата да критикува, ова го кажувам затоа што работите се алармантни.**

- Сметам дека Куманово е жртва на меѓупартиски препукувања на оние што ја водат Владата и оние што го водат градот. Јасно не ја гледаат големата слика, а тоа е здравјето на народот, туку и на двете страни поважна им е доминацијата во градот и нивната кариера. Неодговорното и ненавремено постапување, доведе огромна бројка на заразени лица. Се пропушти шансата за брза реакција, но не пропуштија водствата на Владата и на градот да си комуницираат преку медиуми и да бистрат политика додека градот бележи негативни рекорди во бројот на заболени. Потребна е кризна состојба и карантин како што беше во Дебар. А воедно сум загрижен и за состојбата во Прилеп. Што се однесува до тие што се во самоизолација, но и ја имаат заразата, единствено што можам да им порачам е да го сочуваат здравјето, тоа е најважно, и искрено посакувам нивно враќање во нормала и во секојдневниот живот.

**• Како ги коментирате обвинувањата од претседателот на СДСМ дека вие и ВМРО-ДПМНЕ не сте нашле начин како вистински да помогнете, додека целата држава, сите институции се борат со глобалната пандемија?**

- Не би навлегувал во политикантски игри или залудни и неаргументирани обвинувања. Не е време за тоа. Мислам дека она кон што треба приоритетно да се насочи оваа влада е како да се покрие дупката од над една милијарда евра што ќе ја забележи буџетот. Ете тоа е поважно од тоа да се редат етикети. А, за тоа како се случи од земја која „блескаме“ да стигнеме до земја која живее на рабо̀т и не знае Владата од каде да обезбеди средства, за тоа ќе дојде време да се позанимаваме. Да потсетам, Заев имаше политички слоган дека сме оделе напред. Каде е тоа напред и во што одиме ние напред кога имаме разорена економија, а секој ден луѓе остануваат без работа? Не постои стопанственик кој е задоволен од мерките на Владата и ова не го кажувам затоа што сме опозиција, па нормално е опозицијата да критикува, ова го кажувам затоа што работите се алармантни. Економијата и цели сектори замираат. Владата не си ја исполнува улогата да помогне на бизнисот, туку напротив бизнисот ја чувствува за товар неукоста и неспособноста на Владата во менаџирањето на кризата.

Ние како опозиција ќе продолжиме конструктивно да делуваме, да даваме и нудиме решенија, но воедно треба да знаат дека подадената рака не значи дека може тоа да се злоупотребува. Трпението на многумина е при крај. Да се надеваме дека Владата ќе ја сфати сериозноста на состојбите.

**Полициски час.**

## Приведени 92 лица што не ја почитувале забраната за движење

• Во текот на изминатите 24 часа е евидентирано е дека на ниво на целата држава 121 лице не ја почитувале забраната за движење, при што се приведени 92 лица, а за останатите се земени податоци и ќе следуваат соодветни мерки, соопшти вчера МВР.

Во текот на изминатиот ден на територијата на државата на 238 лица им се издадени решенија за изолација, а 108 лица потпишале изјави за самоизолација. МВР додава дека полициски службеници извршиле контроли кај лица во изолација и самоизолација и утврдено е дека едно лице не ја почитувало мерката за изолација.

**Бигорски манастир.**



## Во ниеден случај не ги прекршивме мерките за заштита

• Со полна граѓанска одговорност тврдиме дека во ниеден случај не беа прекршени препораките и мерките од државните и здравствените власти за време на богослужбите во светиот „Бигорски манастир“ – се вели во соопштението на Братството на свештената бигорска обител, објавено откако во некои медиуми се појавија такви обвинувања.

Бројот на луѓето што присуствувале на велигденските богослужби бил вообичаен и го сочинувале монасите, калуѓерките и верниците волонтери од четири манастири, штитениците што се лекуваат во нив, градежните и други работници, верниците што се затекнале во нив кога беа донесени мерките од државата, како и членовите од екипата „2С студио“, кои, со дозвола од државните власти, присуствувале во „Бигорски“ со цел да помогнат при вршењето на директниот пренос.

„Згора на тоа, доколку некој однадвор и би се одлучил да дојде на вечерашната прослава на Воскресението Христово, во никој случај не би имал можност да го направи тоа, со оглед на засилените полициски контроли по патиштата, а и самото полициско присуство пред влезот на манастирот“ - се вели во соопштението на Братството.

Да се стави ново прашање во епидемиолошката анкета: Дали сте биле во црква на причест или во џамија? Тоа прво беше шега, ама сега веќе е неминовност. Оти не е шега кога владиката Тимотеј, кој е портпарол на МПЦ- Охридска архиепископија изјавува дека „лажичката и причеста не придонесуваат за ширење на коронавирус. Оној што се плаши од причеста нека не пристапи“.

**Горан Михајловски**

# Трибина

ТОП TWEET



**Ильче Затаракоски**
Премиер премиер Оливер.



**Бранко Огњановски**
Логично би било по Велигден, Тимотеј место Филипче да држи прес-конференции со прашања од новинарите.



**Срѓан Ивановиќ**
Универзитетите се затворени, а црквите отворени. Нека ви е среќно со средниот век.

**Избор колумни.**

## Вакцината е „откриена“ кај пензионерите?!



**Мендо Димовски**

Овие денови, вечери и ноќи се наслушав, се нагледав и се начитав разни приказни и стручни толкувања за коронавирусот, за епидемијата и пандемијата и се вооружав со знаење и алатки за спротивставување и уништување на невидливиот непријател. Видов непријатни призори и видеа што опоменуваат и укажуваат на опасноста што нè демне од секаде и ни го загрозува животот. Најпосле, заклучив дека вакцината е „откриена“ токму во нас самите, во почитувањето на мерките на Владата и советите на стручните лица.

Повеќето граѓани се согласуваат со воведувањето на вонредната состојба, но многумина тешко се приспособуваат на барањата за строго придржување кон одредбите и имаат поинакво, дури и спротивно мислење за справувањето со вирусот?!

Туку, што не е јасно и непознато што ни ги мати мислите и ни ја нарушува довербата во правилноста за справувањето со овој злокобен непријател?!

Некои „мудреци“ почнаа да размислуваат и за совпаѓањето на бројот 19 од името на вирусот (ковид-19) со датумот на годинашново одбележување на Исусовото воскресение (19 април) и го поврзуваат со прорекувањето на судбината, а го толкуваат и како опомена од Господа за непочитувањето на неговите заповеди и направените гревови?! Ваквите коментари и претпоставки уште повеќе нè оддалечуваат од борбата со вирусот, иако верувањето во судбината има некакво оправдување?! Всушност, тоа е народско размислување, кое го прави животот поподнослив и се овозможува прифаќање на рационалноста на универзумот спротивно на очигледните неправилности и неправди што се случуваат.

Така, сè што ни се случува се мисли дека ни е судено, како што ни е досудено и тоа како и колку ќе живееме. Ако некого снајде несреќа, се верува дека таква му била судбината што му е предодредена со самото раѓање. Никој не може да влијае врз судбината за да ја отстрани или ако може да ја одложи за некое време. Се верува дека врз прорекувањето на судбината единствено може да се влијае на почетокот на животот, со создавањето поповолни услови за трите наречници што „доаѓаат“ третиот ден по раѓањето и секому ја одредуваат. Родилката со детето се става на чиста постела, а куќата се средува како за гости и на маса се става јадење и пиење за да се послужат. Е тогаш, ако се „придобијат“ наречниците, тие ќе проречат подобра судбина.

Сепак, ваквото толкување на судбината и поврзување со вирусот паѓа во вода, зашто нема логика „трите наречници“ на сите иста судбина да им проречат за да страдаат од оваа пандемија со коронавирусот?! Научното толкување има поинаков пристап и објаснување за судбината, но тоа е работа на научниците.

> И вирусот и судбината се во нашите раце. Веднаш треба да им се спротивставиме за побрзо да се справиме. Одговорот лежи во нашата иницијативност, подобра организираност и решителност за преземање конкретни мерки. Тоа бара жртвување и самоодрекување од некои привилегии и бонуси за ангажирањето во пензионерската организација.

Филозофите, пак, велат дека судбинско е она што е надвор од нашето влијание и врз него не може да се врши промена. Стоиците, на пример, сметале дека секој мудар човек треба да ја прифати својата судбина, каква и да била, без да се спротивставува. Во тој контекст, Сенека рекол дека „судбината ги води оние што без поговор ја прифаќаат, а ги влечка тие што ѝ се спротивставуваат“.

Но, што треба сега да правиме и кому да му веруваме?! Според стоиците, излегува дека во моментов ние сме во нокдаун од вирусот и како мудри луѓе сме дозволиле судбината да нè влечка таму-ваму. Од ваквиот удар особено страда постарата генерација, главно ние пензионерите, кои навистина се декларираме како најискусни и најмудри луѓе?! Па тогаш, каде е и каква е нашата мудрост во ова време-невреме, па не знаеме што да правиме со неа?! Всушност, време е да се обединиме и во практика да го примениме сето наше искуство и знаење.

И во ова пригода, спасот е во гласот на пензионерите?! Сега и вирусот и судбината се во нашите раце. Веднаш треба да им се спротивставиме за побрзо да се справиме. Ние треба да ја водиме судбината и да не дозволиме да нè влечка. Но, како да го направиме тоа?! Одговорот главно лежи во нашата иницијативност, подобра организираност и решителност за преземање конкретни мерки и активности. Бездруго, тоа бара жртвување и самоодрекување од некои привилегии и бонуси за ангажирањето во пензионерската организација, ама зарем има нешто поважно од спротивставувањето на заканата по здравјето на луѓето?! Нема. Ова сигурно и вирусот ќе го препознае и побрзо ќе го снема?!

Значи, вакцината е „откриена“ токму кај пензионерите?!

**Став.**

↓ **Милан Дамјаноски**



## „Мангупи“ ни ја преправаат историјата

Бурната реакција за Старата чаршија произлегува од фактот дека сме сите веќе премногу пати изгорени и трауматизирани од партиски градежни интервенции кои се прават преку ноќ или за викенд, а еве сега имаме иновација, за време на полициски час. Дали е тоа сечата на дрворедот на Илинден, сечата на дрвја за да се ослободи простор за градење згради и булевари, околчување локации за да се освојат, како што направија на кампусот на УКИМ, поставување споменици, дали од антички, дали од врховистички, дали илирско-УЧК провениенција, да не зборуваме за никнувањето на објекти во Охридско-струшкото крајбрежје. Тоа си го практицираат сите, но најмногу досега ДПМНЕ и ДУИ, без никаков почит за демократски процес или јавна дебата.

Затоа кога еден од нив, ДУИ во овој случај, прави интервенции во толку важен простор како Чаршијата, и тоа за време на полициски час, нормално е дека нема да се има верба во намерите. Особено по сè што направија со Чаршијата досега, изградбата на платформата наречена плоштад со национал-романтичните цртежи на ниво на детска сликовница за да му парираат на античкиот кич на „Скопје 2014“, дозволата да се изградат повеќе деловни објекти кои немаат ништо со естетиката или традицијата на Чаршијата, задушувањето на алтернативните културни места и повторното тивко бркање на македонската публика „а ла 1997 година“. Последиците од нивните „интервенции“, за жал, ќе треба да се поправат во следните декади, кога пак ќе дојде некој партиски генијалец и експерт со некоја своја идеја за изгледот на Чаршијата, која нема врска со традицијата, како што се прави на секои 10 години од 1963-та наваму.

Реконструкцијата на Камениот мост од Васил Иљов е една од потажните и погрдите такви приказни.

Додека не се договориме за еден наратив за градската и општествената историја базирана на историски факти, ќе ни доаѓаат „мангупите“, кои ќе ни ја преправаат историјата и традицијата за нивни политички цели и личен профит.

> **Додека не се договориме за еден наратив за градската и општествената историја базирана на историски факти, ќе ни доаѓаат „мангупите“ кои ќе ни ја преправаат историјата и традицијата за нивни политички цели и личен профит.**

I ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ I

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 20.4.2020 | **Тираж: 7.200 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**
Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ, СРЃАН ИВАНОВИЌ, МИТКО БИЛЈАНОСКИ, КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**
Лектор **ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА, ВИОЛЕТА КОСТОВСКА, ИВАНА НИКОЛОВСКА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)

**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ 078 337 388**
**АНЕТА ПАРМАЧКА 071 744 688**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

СТАВ

# Како полека да го враќаме општеството во нормала додека трае ковид-19





Горан Кунгуловски

Сите рестриктивни мерки што се преземени во целиот свет за справување со ковид-19 се, речиси, на слепо, гледаат на краток рок и не ги земаат предвид долготрајните последици - општествени, егзистенцијални и економски.

И кога се бориш со непознат непријател, така треба и да биде - да реагираш бурно, краткорочно, да го ставиш здравјето во прв план, преку сите можни капацитети. Но понатаму треба да почнеш да правиш паметни долгорочни стратегии, коишто не само што ќе ја намалат трансмисијата на вирусот, туку ќе ги земат предвид и заболените од други хронични болести, ќе ја земат предвид економијата и егзистенцијата на демосот.

За да се направи долгорочна стратегија (да се запознаеш со непријателот), таа треба да биде базирана и раководена од податоци (data driven). Но за да биде раководена од податоци, треба тие податоци некако да се соберат. Треба да се постават инфраструктурни столбови за максимално собирање и користење на тие податоци. Според мене, ова треба за ковид-19.

1. Треба да се организираат десетици, ако не и стотици пунктови за земање брисеви, фиксни и мобилни. ПЦР-базираните тестови да станат дел од секојдневието - сè додека не се креираат побрзи (но доволно точни) тестови, базирани на антигени што исто ќе го детектираат вирусот. Може да се прави и pooling на примероци. ВАКА ЌЕ ДОЗНАЕМЕ КОЈ, КОГА И ВО КОЈ ДЕЛ ОД ДРЖАВАТА ГО ИМА ВИРУСОТ.

2. Бидејќи со првиов пристап ќе се пропуштат дел од индивидуите што се позитивни, кога бројката на позитивни пациенти во една нација ќе стане поголема од 5 отсто (според горните податоци) - да се почне со тестови за евалуирање на имун одговор против вирусот. Со серолошки тест со сензитивност од 90 отсто и специфицитет 96 отсто и преваленца во популација на ковид-19 од минимум 5 отсто, ќе знаеме дека барем 50 проценти од позитивните тестови со овој пристап се навистина позитивни. ВАКА ЌЕ ЗНАЕМЕ КОЈ РАЗВИЛ ИМУН ОДГОВОР НА ВИРУСОТ.

ДА СУМИРАМ. Со 1 и 2, ќе знаеме бројка на луѓе кај кои е детектиран вирусот и бројка на луѓе што имаат имун одговор на вирусот.

3. Да се утврди луѓето од 1 и 2 во кои возрасни категории спаѓаат, во кои градови и населби живеат, во каква здравствена состојба се наоѓаат и кои биле последиците од инфекцијата. ТАКА ЌЕ ЗНАЕМЕ КОЈ Е ПОСКЛОН И КАКВИ ПОСЛЕДИЦИ

**За да се направи долгорочна стратегија (да се запознаеш со непријателот), таа треба да биде базирана и раководена од податоци (data driven). Но, за да биде раководена од податоци, тие податоци треба некако да се соберат. Треба да се постават инфраструктурни столбови за максимално собирање и користење на тие податоци.**

# Квантитативно (парично) олеснување



Руди Лазаревски
Либертас

Квантитативното (парично) олеснување не е ништо поразлично од хеликоптерските печатени пари. Разликата е во академските толкувања. Всушност, и едното и другото е печатење пари. Но, за тоа на крајот од текстов.

Светот е нејасен и несигурен со своите постапки кога станува збор за економијата и финансиите. Само едно им е јасно. Прво ќе си го решаваат сопствениот двор. Голем дел од земјите на ЕУ се подготвени да се коцкаат со ризикот за постепено отворање на економските текови. Отворањето чекор по чекор на производните и другите сектори, не е гаранција дека тоа нема да се претвори во бумеранг-ефект. Но, исто така, ако не се направи тоа, економскиот сектор може и да колабира. Најдобар пример е Франција со својата резервираност. Во мај ќе отвори некои книжарници, но дури во средината на јули ресторани и кафетерии. Тоа значи туристите нема да ја видат Ајфеловата кула ова лето. Може да се претпостави колкави се загубите за Париз. Веројатно колку нашиот годишен државен буџет. Отворањето на „Пежо“, „Фолксваген“... и другите сектори сигурно ќе биде со јасни и прецизни протоколи за физичко и производно дистанцирање. Тука нема дилеми. Но, останува дилемата кој ќе ги купи тие производи? Не верувам дека некому сега во Ломбардија, Шпанија или во Британија му е до нов модел на возило. Сепак, сите планови и проекции зависат од евентуална вакцина или лек. А дотогаш... ќе се изнаслушаме и изнагледаме смирувачки тонови. Светот се судрува со неверојатен камелеон-вирус и, за жал, сè уште многу малку се знае за него, без разлика на септемвриските најави за лек и вакцина.

**На партиите, големи или мали, без разлика, топло им препорачувам да си стават нов свеж квасец во нивните изборни програми. Затоа што гласачите ќе поставуваат сега други прашања. Како на пример - рамен данок?! Нема данок на дивиденда?!... и други илјада прашања од даночната сфера и воопшто прашања што значат пари.**

## Ние

Се надевам дека се расчистија неписмените дискусии присутни во државата за проекција од два-три месеци во финансиите и економијата на почетокот од кризата. Секоја сериозна проекција за спасување на фискалното буре без дно, мора да се однесува до крајот на годината. Како што напишав во мојата колумна Италијанско сценарио, во Либертас, државата од буџетот до крајот на годината е обврзана да обезбеди најмалку 1,3 милијарди евра само за три расходни ставки, и тоа за: плати и надоместоци на администрацијата, пакетот на корона минималната плата за погодените сектори и за пензискиот фонд. Задолжително ќе мора да обезбеди и за други расходни ставки за да функционира минимално државата. Но, за нив нема да зборуваме. Затоа што веројатно ќе се извадиме од памет. На тоа треба да додадете и новопојавени расходи како резултат на вонредната состојба.

Тековните приходи во буџетот ги слушнавме од последната прес-конференција во добро завиткана форма. Со овој тренд, најголем успех ќе биде ако се остварат 40 отсто од проицираните приходи. Без додатна инјекција во огромна количина, тие можат да одат само надолу. Почнува времето на сивата и кеш-економија и „воените“ профитери.

## Од каде пари?

Ова не е (сè уште) монетарна криза. Ова е криза на функционирање на држава како резултат на стопени (непостојни) државни приходи. Сите стандардни монетарни мерки со најдобри и искрени намери, не го решаваат овој проблем. Затоа што не е монетарен проблем, туку проблем на непостоење државни приходи за подмирување многу фиксни расходи во буџетот. Во интерес на бројот на зборовите во текстот, нема да ги коментирам разните предлози од каде било да доаѓаат, затоа што се во најголем случај партизирани или незрели, без никаков поглед на големата слика.

Дали техничката влада можеше да направи повеќе во изминатиов период? Мислам да. Мораше целиот службенички (читај буџетарски) сектор да го сведе на минимална плата до крајот на годината. Станува збор за стотици и стотици милиони евра заштеда до крајот на годината. Затоа што само на администрацијата Владата е обврзана да ѝ исплати за следните 9 месеци цели 375 милиони евра за плати и надоместоци. Службеничкиот (буџетарскиот) сектор не е само администрацијата. Никогаш да не ја заборавиме дефиницијата – буџетар е секој што прима и еден денар од буџетот како примање или надоместок, без разлика дали се работело за македонската академија, државниот универзитет или јавните претпријатија локалната самоуправа... Техничката влада не се потруди да ги собере и трошките на расходната страна на буџетот.

## Од каде пари за до крајот на годината?

Сигурно од очекуваната корона-обврзница. Грција деновиве доби 2 милијарди евра на долг рок со 2 отсто камата. Тоа не се многу пари за Грција, но како членка на ЕУ има и ќе има пристап до цела друга лепеза на фондови до крајот на годината.

Ние не сме членка на ЕУ. Нашата обврзница сигурно ќе биде под полоши услови. Затоа што никој нема пари во светот како што ние тоа го замислуваме.



ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

НОСИ ИНФЕКЦИЈАТА.

4. Најважно е сега податоците од 1, 2 и 3 што ќе бидат динамични и постојано ќе се апдејтираат, да се стават во дигитална апликација (анонимизирано) и според нив и математички модели да се утврди кои градови, села или населби, згради или компании, треба да одат под привремен lockdown. ТАКА ЌЕ ИМАМЕ ПОРАФИНИРАНА И ПОТАРГЕТИРАНА КОНТРОЛА ВРЗ СИТУАЦИЈАТА.

5. Да се следат овие принципи сè додека не се стекне колективен имунитет, природно или со вакцинација (или комбинација на двете).

Есенцијално за сето ова е да се изгради инфраструктура (не само за оваа, туку и за следни пандемии и епидемии). Есенцијално е да знаеш кои аспекти од општеството да ги контролираш во единици време за да не крахира економијата.

Да не се ПОЛИТИЗИРА, да се РЕАГИРА. Колку нашиве шутпетковци се компетентни да го направат ова, не сум баш сигурен.

**(Авторот е главен директор за технологија на „Био инженеринг“ ДОО и сосновач и главен истражувач на Лабораторијата за генетика и персонализирана медицина на Клиниката „Жан Митрев“ во Скопје ).**

---

Сите новогенерирани пари ќе бидат новопечатени пари и алоцирани преку инвестициски фондови и други форми на инвестирање. Само академските идеалисти кај нас веруваат дека приватни фондови во оваа криза ќе го евалуираат нашиот потенцијал како во мирнодопски времиња и своите слободни пари ќе ги инвестираат кај нас.

Износот на обврзницата сигурно не треба да биде помал од 1,2 милијарди евра и тоа под слични или исти услови како нашиот сосед. Дали е можно? Не знам. Тоа треба да го направат тие што одлучуваат и ја водат државата. Вакво сценарио можеби е и невозможно. Затоа, не треба да се затвори прозорецот на еднократно квантитативно (парично) олеснување кај нас во комбинација со сведување на целиот буџетски сектор на минимална плата до крајот на годината. На тој начин нема да има влијание врз стапката на инфлацијата. Нормално, со знаење и мониторирање од бриселски стручни лица. Затоа што не верувам дека има капацитетни поединци во државата за еден таков модел.

Како и да е, ништо веќе нема да биде исто. Затоа, на партиите големи или мали без разлика, топло им препорачувам да си стават нов свеж квасец во нивните изборни програми. Затоа што гласачите ќе поставуваат сега други прашања. Како, на пример: Рамен данок?! Нема данок на дивиденда?!... и други илјада прашања од даночната сфера и воопшто прашања што значат пари.

# Ракување и синдикалниот самрак во Европа



**Ивица Челиковиќ**

Сè се менува, па и еден типичен социјален феномен каков што е ракувањето. Но со своето историско значење, и заради своето преживување во иднина, синдикатите мора да ја обноват сликата и симболичната сила на сопственото цврсто ракување. Без оглед на корона-кризата и социјалната дистанца, таквото ракување - во интерес на едно подобро општество кое се посакува - не треба да се одбива.

Македонските синдикати изразија незадоволство од економските мерки што Владата ги презема во однос на кризата со коронавирусот. Со барања за заштита на работниците и сиромашните, синдикатите ја обвинуваат Владата дека настапува единствено од страна на бизнис-заедницата, при што се потенцира дека во економскиот совет на Владата која ја предводат социјалдемократите, СДСМ; нема ниту еден претставник на синдикатите, „ниту еден активист за работнички права“.

Две гранки на исто дрво. Синдикално-политичката соработка на многу места во светот, за разлика од Македонија, подразбира посилен заемен однос. Во историјатот на работничкото движење во Шведска често се зборува за двете гранки на стеблото кои подразбираат подадени раце - Социјалдемократската партија и Сојузот на шведските синдикати. Додека едната се грижи за работничките интереси на работните места, другата го прави истото во Парламентот. Тој цврст однос во последните години е изложен на сериозни предизвици, но сепак во основа не се доведува во прашање.

## Социјалната дистанца сè повеќе станува реалност

Во глобални рамки моментно, во време на корона-кризата, социјалната дистанца сè повеќе станува реалност што се вгнездува во новите навики на луѓето. Со ширењето на заразата многумина се воздржуваат од традиционалното ракување, користејќи повеќе или помалку нови гестови со кои се овозможува поздравување без физички допир. Но сликата на две подадени раце што се ракуваат претставува класичен социјален симбол низ историјата, особено во рамки на работничкото и синдикалното движење. Од синдикалната солидарност произлегува и мандатот да се склучуваат договори - со ракување - со работодавците за условите што ќе важат не само за работникот како единка на пазарот на труд, туку и за целиот колектив. Да се овозможи сите други имаат праведни услови, всушност, е најдобра заштита на сопствените работни услови.

Напоредно со бранот на масовни отпуштања кој зафати голем број земји среде корона-кризата, некои синдикални сојузи известуваат и за значаен пораст на нивното членство. Во Шведска е несомнено присутен таков развој, каде што заложбите и грижата на синдикатите и понатаму значат сигурност во тешки и неизвесни времиња.

Во Европа се во тек промени што се одвиваат мошне брзо. Потврда за тоа е и една неодамна објавена шведска истражувачка студија под наслов „Синдикална есен во Европа“, која во една поширока рамка укажува на тенденции на намалување на синдикалното членство. Како исклучок се посочува Италија, но таму во најголем дел се пензионерите кои и понатаму се лојални синдикални членови. Како последица на губењето на членството, синдикатите се соочуваат со сè поголеми тешкотии да ја оправдаат својата улога на пазарот на трудот и да извршат влијание на владините политики. Развојот во последните години, исто така, покажува дека многумина синдикални членови им го свртеле грбот на левичарски партии и почнале да гласаат за десничарски националисти и популисти.

Во Германија незадоволствата кај многумина се манифестираат како доживување дека се маргинализирани во однос на социјалните бенефити во општеството на благосостојба. Во Италија, по урнекот од Германија, веќе подолго време се поткопуваат колективните договори. Во Австрија, каде што деснорадикалната ФПО доби трипати повеќе работнички гласови од социјалдемократите на изборите, Владата реши да овозможи 12-часовно работно време без надоместок за прекувремена работа.

Во Полска, каде што синдикатот „Солидарност“ беше носител на уривањето на комунизмот, со колективен договор се опфатени околу 14 проценти. Во Унгарија синдикатите не беа доволно силни за да мобилизираат на протести што беа најавувани кога десно националистичката влада сакаше да ја смени регулативата за прекувремена работа, а што синдикатите го нарекоа „робовски закон“. Во Естонија, каде што степенот на пристапување кон синдикатите беше речиси 100-процентно пред осамостојувањето, денес само пет проценти од вработените се синдикални членови.

Иако Скандинавија се издвојува како позитивен пример, каде што појдовната основа за синдикално приклучување е постабилна, развојот сепак ја следи истата линија. Од 2006 до 2018 година нивото на синдикално зачленување во Шведска е паднато за десет проценти - меѓу работниците дури 18 проценти.

## Почеток на едно подобро општество

Токму затоа се предупредува дека е крајно време да се активира ѕвоното кое треба да повика на акција. Без колективно синдикално претставување, наспроти работодавците и бизнисот чиј интерес пред сè е „ставање клин“ меѓу вработените, пазарот на труд во Европа се менува во друга насока од она што бил досега. Се наметнува заклучок дека додека луѓето биле иновативни, наоѓајќи нови начини како меѓусебно да се поздравуваат поради коронавирусот, синдикатите биле премногу троми и бавни со обмислување нов пристап и начин на работење во едно ново време.

Македонските синдикати бараат решителни и храбри мерки за заштита на работниците и сиромашните. Во принцип луѓето пристапуваат кон синдикатите таму каде што гледаат дека синдикалните заложби внесуваат промени и прават разлика во секојдневието, каде што со стабилни работни односи и со редовни и сигурни приходи се опфатени повеќемина.

Во времето на глобалната криза некои се сетија на зборовите на неолибералниот филозоф Милтон Фридман, кој веројатно бил во право кога тврдел дека „само криза, вистинска или измислена, може да создаде вистински промени, со цел политички невозможното да стане - политички неизбежно“. Во таа смисла, корона-трагедијата веројатно би можела да биде почеток на едно подобро општество.

Сè се менува, па и еден типичен социјален феномен каков што е ракувањето. Но со своето историско значење, и заради своето преживување во иднина, синдикатите мора да ја обноват сликата и симболичната сила на сопственото цврсто ракување. Без оглед на корона-кризата и социјалната дистанца, таквото ракување - во интерес на едно подобро општество кое се посакува - не треба да се одбива.



# Економија

**Курсна листа** 20.4.2020

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.350 | 61.850 | GBP | 1 | 69.506 | 71.870 |
| USD | 1 | 55.095 | 57.850 | CAD | 1 | 39.142 | 41.100 |
| CHF | 1 | 57.142 | 60.000 | AUD | 1 | 34.904 | 36.650 |

**Вести.**

## За погодените граѓани, струја и парно на рати, без камата

• Претседателот на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги Марко Бислимовски информираше дека најпогодените граѓани од здравствената криза, кои нема да може да ги платат сметките за парно и за струја за април, мај и за јуни, тоа ќе може да го направат на рати, без да им се пресметува камата.

– Во комуникација и во договор со компаниите од енергетскиот сектор – ЕВН и БЕГ снабдување, на погодените граѓани ќе се овозможи за месеците мај, април и март да можат своите трошоци доколку не се во можност да ги покријат, да ги плаќаат на рати и притоа каматата поради заостанатото плаќање нема да се калкулира – рече Бислимовски во интервјуто за Радио Слободна Европа.

Во однос на комуналните претпријатија, вклучувајќи ги и оние за вода, објасни Бислимовски, оставено им е сами да одлучат што ќе прават.

– Но упатуваме апел до потрошувачите, особено овие сметки да се покриваат редовно, имајќи предвид дека трошоците се најмали во однос на останатите – рече Бислимовски.

## Сè поблиску до поголема акциза за нафта

• По изјавите на министерката за финансии Нина Ангеловска дека цената на бензините е намалена за 20 денари за литар и дека постои простор за зголемување на акцизите, слична изјава даде и министерот за економија Крешник Бектеши.

– Постои економска оправданост за зголемување на акцизата на горивата и ако се донесе предлог од Министерството за финансии до Владата за зголемување на акцизата било за два или три денари, и ние како Министерство за економија ќе го поддржиме – изјави министерот за економија Бектеши.

Тој рече дека постојат механизми доколку цената на нафтата се зголеми, истовремено да се намали акцизата.

Цената на нафтата на светските берзи веќе почна да се зголемува откако американскиот претседател Доналд Трамп објави дека постои план за олабавување на мерките.

**Пари** Владата подготвува документи за еврообврзница

# Претстои тешка битка на пазарот на пари

**Дилеми** Сите ќе бараат пари на меѓународниот финансиски пазар. Какви ќе бидат каматите во такви услови и како ќе се снајдеме со еврообврзницата што ќе ја издадеме?



**Весна Дамчевска**

Сега е време кога нема место за расправа дали треба или не треба да се задолжуваме. Јасно е дека Македонија, како и сите земји, мора да позајми поголема сума, а клучното прашање што ги мачи и многу други земји е од каде да се најдат тие пари.

Министерката за финансии Нина Ангеловска информираше дека Владата се предомислила за најавеното задолжување преку странски комерцијални банки и решила директно да оди на еврообврзница. Првичната идеја беше преку овие банки да се обезбедат 400 милиони евра за премостување на периодот до издавањето на еврообврзницата, а потоа тие пари требаше да се вратат со дел од кредитот земен со издавање на еврообврзницата, чија сума сè уште не е соопштена. На колкав износ ќе биде еврообврзницата, тоа засега не се знае. Но, Ангеловска неодамна информираше за три сценарија според кои на Македонија ќе ѝ треба вкупна финансиска поддршка од 800 милиони евра, од 1 милијарда евра, или од 1,2 милијарда евра. Овој износ е планирано да се обезбеди со пари од ММФ, Светска банка, од ЕУ и од еврообврзницата. Пари ќе ни требаат што поскоро, затоа што според пресметките на Министерството за финансии, вториот квартал од годинава ќе го завршиме со минус 15 проценти пад на бруто-домашниот производ.

Министерката Ангеловска не прецизираше зошто Владата се премислила, но факт е дека во меѓувреме од ММФ се одобрија 176 милиони евра, двојно повеќе од она што се очекуваше, а според најавите на Ангеловска, подготовката на документите од страна на институциите за издавање на еврообврзницата ќе биде меѓу 45 и 60 дена.

– Кога ќе одлучиме дека е најдобро според движењата на пазарот, тогаш ќе излезе на пазарот – рече Ангеловска.

Но, како стои сега состојбата на меѓународниот пазар на капитал и што за тоа пишуваат земјите од регионот?

Хрватскиот министер за финансии Здравко Мариќ во интервју за „Вечерњи лист“ најави дека потребните пари прво ќе се бараат на домашниот пазар – од банките, од пензиските и од инвестициските фондови.

**Пари ќе ни требаат што поскоро, затоа што според пресметките на Министерството за финансии, вториот квартал од годинава ќе го завршиме со минус 15 проценти пад на бруто-домашниот производ.**

– Дури потоа Хрватска ќе се обиде своите хартии од вредност да ги понуди на меѓународниот пазар на капитал, каде што се очекува невидена гужва. Својот прв „корона“ кредитен аранжман Хрватска го договара со домашните банки и ќе служи за исплата на априлските плати и пензии – изјави Мариќ.

Според прогнозите на хрватската влада, во оптимистичко сценарио ќе им требаат 10 милијарди евра.

И според пишувањата на српските медиуми, првично спас ќе се бара во домашните извори на пари. Србија на 14 април се задолжи на домашниот пазар со 249 милиони евра, но бараше повеќе пари, односно 298 милиони евра, ама немаше толкав интерес. Српската Влада донесе уредба со која се олеснува процедурата за издавање корпоративни обврзници, како можност за дополнителен капитал. Српскиот фискален совет одобри задолжување од три милијарди евра, износ што треба да се обезбеди со задолжување за спас на економијата.

Загриженост за пазарот на пари и за состојбата на берзите покажа и Европската централна банка. Таа ја објави „Вонредната пандемиска програма за откуп“, во која има 750 милијарди евра наменети за откуп на хартии од вредност од приватниот и од јавниот сектор во еврозоната, вклучувајќи ги и проблематичните хартии од вредност на Грција и на Италија.

**Трговците да бидат внимателни.**

# За продавница без редар, ќе има казна од најмалку 500 евра

**На просторот пред продавниците и пред касите треба да биде запазено растојанието од најмалку 2 метра.**

Во петокот, последен ден пред велигденските празници, но и пред карантинот што траеше од петок во 16 часот до вторник во 5 часот наутро, можеше да се забележат огромни метежи низ продавниците, но и пред влезовите. И тогаш беше во сила Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговија во вонредни услови, затоа што таа се објави во четвртокот и истиот ден стапи во сила.




↑ Фотографија **Слободен печат / Драган Митревски**

Според Уредбата, трговците мора да имаат обезбедена редарска служба пред вратите на продавниците, како и во внатрешниот простор, за да се запази минимум потребното растојание помеѓу лицата пред и во објектот и да обезбеди спроведување дезинфекција за раце при влез во објектот.

Трговецот е должен да постави соодветни ознаки со кои се обележува правецот на движење и запазување на минимум потребното растојание од 2 метри при чекање ред на лицата пред и во објектот и тоа пред секоја каса за наплата и пред влезот на објектот.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро и мали трговци и од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за средни и големи трговци, ќе се изрече за прекршок на трговецот ако постапува спротивно на одредбите, пишува во Уредбата.

**Инфраструктура** Градот ќе почне со изработка на основниот проект

# Избрани четири идеи за паркот во Карпош, најдобра нема

**Комисијата по деталното разгледување на сите 19 пристигнати трудови, заклучила дека ниеден труд во потполност не ги исполнил зададените критериуми и програмските барања и одлучила да не се додели прва награда односно да се доделат две втори и две трети награди.**





↑Втора награда шифра-Ширит



↑Втора награда шифра-Скупи

На конкурсот што беше распишан минатиот месец од Град Скопје, за идејно решение за новиот парк што треба да се гради во Карпош 4 покрај Вардар, пристигнале 19 идејни решенија, а мешовитата комисија на Град Скопје и Општина Карпош издвоила четири од нив како најкреативни, иако ниеден од трудовите не ја заслужил првата награда.

– Четирите наградени трудови (две втори и две трети награди) се издвојуваат по одличните решенија за создавање ново шеталиште на кејот во Карпош, градски шумски појаси во делови на паркот, цветни алеи, урбана опрема што одговара на просторниот контекст, како и отворени сцени и други програмски содржини – информираа од Град Скопје.

Оценувачката комисија по деталното разгледување на сите 19 пристигнати трудови, заклучила дека ниеден труд во потполност не ги исполнил зададените критериуми и програмските барања и одлучи да не се додели прва награда односно да се доделат две втори и две трети награди. Како основни критериуми што се вреднувале при оценувањето на трудовите биле: целосно почитување на програмските барања; изводливост и одржливост; инвентивност во пристапот на обликување; економичност на решението и задоволување на сите прописи и нормативни акти за проектирање и хортикултурно уредување паркови.

Втората награда им е доделена на трудовите со шифри „Скупи“ и „Ширит“, а на трудовите со шифрите „Пинктинк“ и „Ленти“ им припадна третата награда.

Наградниот фонд од 10.000 евра, како што известија од Град Скопје, ќе биде соодветно поделен помеѓу авторите на четирите решенија.

Според законските одредби, Град Скопје ќе пристапи кон изработка на основен проект за паркот, во чиј процес планира да ги повика на учество и авторите на четирите наградени решенија.

Конкурсот за идејно решение беше распишан за паркот што ќе гради во Карпош 4, на просторот помеѓу кејот на Вардар и булеварот „Илинден“. Станува збор за површина од 60.000 метри квадратни, на којашто има дива депонија, формирана уште по катастрофалниот скопски земјотрес во 1963 година, кога таму се одлагал шутот од расчистувањето на урнатините. Јавните градски претпријатија веќе почнаа да го отстрануваат шутот и отпадот од оваа депонија и да ја расчистуваат површината.

– На овој простор ќе бидат поставени содржини за спорт и рекреација, а ќе биде предвиден и простор за ботаничка градина, за што разговаравме со граѓаните во нашата предизборна кампања. Дополнително, планирана е изведба на сервисна улица и два моста – рече градоначалникот на Скопје, Петре Шилегов, при најавата на проектот пред три месеци.

Тој тогаш нагласи дека сите непристапните и небезбедните површини, кои се диви депонии и диви паркиралишта, едно по едно ќе се уредуваат, ќе се претвораат во зелени површини и дека на тој начин ќе се вложува во подобра животна околина, но и во подобрување на квалитетот на воздухот.

**Втората награда им е доделена на трудовите со шифри „Скупи“ и „Ширит“, а на трудовите со шифрите „Пинктинк“ и „Ленти“ им припадна третата награда. Ним соодветно ќе им биде поделен наградниот фонд од 10.000 евра.**

**Град Скопје.**



## Финално асфалтирање на булевар „АСНОМ“

Градежните работи за проширување на булеварот „АСНОМ“ во Општина Аеродром се во завршна фаза.

Екипите на Град Скопје деновиве вршат финално асфалтирање на проширениот булевар на потегот од крстосницата со булевар „Србија“ до крстосницата со улицата „Васко Карангелевски“.

Новиот булевар добива по три коловозни ленти во двете насоки, средишно зеленило, пешачки и велосипедски патеки.

**Во текот на тридневниот полициски час**

## Дежурна патрола на „Лајка“ ги хранеше уличните кучиња

**Тимот составен од стручни лица, ветеринари, техничари и негуватели се погрижија кучињата и мачките на улица да имаат редовна достава на храна и вода, како и неопходна ветеринарна помош**

Град Скопје во текот на празничните денови кога на сила беше полициски час, конечно се погрижи и за бездомните животни, кои во услови кога граѓаните не смеат да излегуваат на улиците, се оставени гладни и жедни.

На иницијатива на градоначалникот Петре Шилегов, преку јавното претпријатие за заштита и благосостојба на бездомните животни „Лајка“, организирана беше дежурна патрола, која се движеше на целата територија на градот за време на празничниот викенд.

Тимот составен од стручни лица, ветеринари, техничари и негуватели се погрижија кучињата и мачките на улица да имаат редовна достава на храна и вода, како и неопходна ветеринарна помош. Активностите ги поддржа и директорката на „Лајка“, Тина Петрушевска, која донираше еден тон храна за кучињата и која беше доставена на точно утврдени локации за време на 85-часовниот карантин.



- Во моментов нема докази дека бездомните кучиња или мачки можат да бидат заразени со новиот коронавирусот и многу е важно во овој период да се информираме од веродостојни извори, да не шириме паника и да споделуваме точни и проверени информации - информираат од Град Скопје.

За време на изминатиов тридневен полициски час, дозвола да се грижат за уличните кучиња добија и по пет активисти од регистрираните здруженија за заштита на животни, по два часа дневно.

**Општина Центар.**

## Поддршка на граѓаните од ранливите категории

Општина Центар продолжува со активности за помош и поддршка на општествено ранливите категории граѓани на нејзината територија во соработка со, како што велат оттаму, нивните пријатели „Кам бебе“, „Еурофарм“ и „Веледа“.

- Во населбата Кале до згрижувачки семејства што згрижуваат деца без родители, доставивме пелени, шампон за деца, влажни марамчиња, прашок за перење и други хигиенски производи за одржување на личната хигиена – информира на Фејсбук градоначалникот Саша Богдановиќ.

Сите компании што сакаат да донираат пакети за помош, можат тоа да го направат со повик на телефонскиот број 076 313 383.

Од Општината ги повикуваат граѓаните да бидат хумани, солидарни и да им помогнат на сограѓаните на кои помошта во овој период им е многу потребна.

# Свет

**Канада** Страшно злосторство во Нова Шкотска

## Мирното момче масакрира 16 луѓе

**Никој не го очекувал тоа од него, но забиниот техничар Габриел Вортман, преправен во полицаец, пукајќи од огнено оружје усмртил 16 луѓе. Канада е шокирана, а најизненадени се пријателите што го познавале како мирен човек подготвен да помогне секому**





Најмалку 16 лица се убиени во напад што траеше 12 часа во канадската провинција Нова Шкотска. Габриел Вортман (51) пукал кон луѓе во неколку места во таа провинција. Властите сè уште не утврдиле точен број жртви и нивниот број може да се зголеми.

Напаѓачот носел делови од полициска униформа и користел автомобил што наликува на патролен. Но тој не бил службеник за спроведување на законот, туку забен техничар Габриел Вортман, кој загинал по потера низ целата провинција. Засега не се познати мотивите за нападот и нема прецизни информации околу смртта на напаѓачот. Се претпоставува дека на почетокот на пукањето Вортман имал јасен мотив, но потоа пукал по кого ќе стигнел. Нема докази за терористичка заднина, изјави шефицата на националната полиција, Бренда Луки.

Вортман бил пронајден на бензинска пумпа на 30 километри од Халифакс, главниот град на Нова Шкотска, а Вортман потоа бил убиен во пресметка со полицијата.

- Фактот што Вортман имал полициска униформа и автомобил, зборува дека злосторничкиот акт не е спонтан – изјавил Крис Летер од одделот за криминални операции на канадската полиција.

Оние што го познавале убиецот се многу изненадени од тоа што го сторил. Неговиот пријател Скот Балстер изјави дека Вортман во гимназија бил мирно момче што сакало да им помага на другарите. Но неговиот пријател Пјер Литл открива дека тој во младоста бил фасциниран со воздушни пушки и гаѓање. Неговата пријателка Кенди Палмер изјави дека тој бил депримирана личност.

- Имаше нешто тажно кај Габриел. Сепак, толку бев шокирана кога слушнав дека повредил толку луѓе. Никогаш не би го очекувала тоа од него - изјавила пријателката. Нападите со огнено оружје со повеќе смртни случаи се далеку поретки во Канада отколку во САД. Ова е најтешкиот масакр во историјата на Канада. Во 1989 година во Монтреал беа убиени 15 луѓе.

---

**Пандемија на коронавирус.**

## Околу два и пол милиони заразени



Во светот од коронавирусот се заразени 2.407.699 луѓе, а 165.093 починале како последица од болеста, покажаа вчерашните податоци. Дури 625.419 луѓе закрепнале од ковид-19, покажува статистиката. Најмногу заразени и починати има во САД. Повеќе од 764.265 лица се болни во оваа земја, а 40.565 починале. Во Шпанија 198.674 луѓе се болни, а 20.453 починале. Во Италија има 178.972 болни, а смртни случаи се 23.660. Во Франција има 152.894 болни од коронавирус, а починале 19.718 лица.

Германија има 145.742 потврдени случаи и само 4.642 починати. Во Британија се пријавени 120.067 случаи, при што починале 16.060 пациенти.

---

**Африка** Катастрофална ситуација

## Јужен Судан има петмина потпретседатели и четири респиратори

• Јужен Судан, земја со 11 милиони жители, има повеќе потпретседатели – петмина, од респиратори - четири, забележува агенцијата Анадолија.

Централноафриканската Република има три респиратори за своите пет милиони жители. Во Либерија, која е слична по големина, има шест вакви машини и една од нив е зад вратата на американската амбасада.

Според Светската здравствена организација, помалку од 2.000 работни респиратори мора да отслужат стотици милиони луѓе во јавните болници во 41 африканска земја, споредено со повеќе од 170.000 во САД, според „Њујорк тајмс“. Дури 10 африкански земји воопшто немаат респиратори.

Ограниченото тестирање значи дека бројот на заболени од коронавирус на овој континент не е познат. Сепак, очигледно дека е во пораст.

Светската здравствена организација објави дека има помалку од 5.000 легла за интензивна нега во 43 од 55 земји во Африка, што е околу пет кревети на милион луѓе, наспроти околу 4.000 кревети на милион во Европа.

---

**САД.**

## Американците протестираат против ограничувањата

• Протести против мерките за сузбивање на коронавирусот, вклучително и останување дома, беа организирани ширум Соединетите Американски Држави. Приближно 2.500 луѓе излегоа на улиците во Олимпија во државата Вашингтон и покрај забраната за собирање на повеќе од 50 лица, протестирајќи. Многу демонстранти не носеа маски и покрај барањата на организаторите и препораките на здравствените власти, пренесува Ројтерс.

Стотици се собраа во Денвер, барајќи крај на блокадата, додека здравствените работници организираа контра-протест. Демонстрации против мерките за контрола на коронавирусот се одржаа и во Висконсин, Охајо, Минесота, Мичиген и Вирџинија.




---

**Косово.**

## Хашим Тачи примен во болница

• Косовскиот претседател Хашим Тачи вчера беше примен на Клиниката за урологија поради камења во бубрегот, извести Радио Слободна Европа. Неговата состојба е стабилна и тој се лекува од стручен медицински персонал, соопшти косовското претседателство.

Тие додаваат дека тој бил примен на Клиниката по прегледот во Ургентниот центар на Клиничкиот универзитетски центар во Косово, каде што бил контактиран за проблеми со бубрезите. Претседателот се заблагодарил на неговиот медицински персонал за грижата.



# ЖЕНСКИ ПЕЧАТ

**БРОЈ 20** | **Вторник, 21 април 2020.** | Неделен прилог


**И НИЕ СМЕ ОД САТУРН**

## ЖЕНА НА НЕДЕЛАТА

### ВИОЛЕТА ВИКИ ДИМИТРОВА,
*хуманистка*

Жена која нема одминато ниту едно улично куче. Со години секојдневно храни над педесет оставени, заборавени и болни кучиња, ги спасува, негува, вакцинира, им пружа љубов, им наоѓа дом. Без разлика на годишните времиња, на студот или жегата, на празничните денови, оваа пензионерка, чии деца живеат во странство, секој ден е активна во грижата за четвороножните. Автомобилот ѝ е секогаш полн со храна и сет за прва помош, а срцето - со љубов и топлина. Вики, и во овие денови на полициски час и домашна изолација, не заборава на оставените, а благодарение на добиената дозвола ја продолжува хуманата мисија.



## СТИЛ НА НЕДЕЛАТА

### БРАНКА ЈАНКОВСКА,
*сопственичка на „Пепер“*





**ИЛИНКА ДЕЛЧЕВА, хроничар на културни настани и соработник во „Попап“ (Popup):** Што и да значи тоа, за мене е Бранка Јанковска. Затоа што зрачи уметност. Препознатлива по својата кратка црвена коса и оригинална фризура која со години не ја менува, а секогаш изгледа различно во зависност од разместеноста на прамените и шишките. Секоја средба со Бранка е празник за очи, не може да не го забележите прекрасниот прстен што го одбрала за денот или впечатливиот ѓердан – уметничко дело. Секогаш носи најшизични чевли и уникатна чанта. Асиметричните парчиња облека и шаренилото од бои и се секојдневен предизвик за комбинација. Бранка, затоа што е пролет, разиграна и цветна. Бранка, затоа што се радува на животот - неуморна, весела, насмеана и со планови за патувања. Неразделна од својот велосипед, украсен со корпа, цвеќиња и шарени ѕвончиња. Сакачка на кучиња.

Работи во Швајцарската амбасада, но веќе единаесет години успешно ја води и својата необична сендвичара „Пепер“. Необична затоа што и „Пепер“ дише со креативноста на Бранка. Менито се менува во зависност од годишните времиња и новите трендови во исхраната. Секојдневно изненадуваат со нови домашни пити, вкусни колачи и сендвичи во боја. Љубовта на Бранка кон различното, на скопјани им го подари Фестивалот на јадење книги. Десетта година по ред, заедно со Букбокс, во „Пепер“ се организира еднодневно дружење на кое посетителите од дома носат направени јадења инспирирани од наслови на книги. По оценувањето од страна на жири-комисија се вкусуваат творбите и продолжува спонтана журка каква што е и самата Бранка. Непредвидлива, секогаш различна и оригинална.

**ЗАБОРАВЕНА ХЕРОИНА** **Џун Алмеида**

# Пионерка во откривање на коронавирусот



***Била прва која ја идентификувала структурата на многу вируси, меѓу кои и на коронавирусот.***

И покрај тоа што немала можност да ги следи редовните студии, Џун Далзиел Алмеида претставила нови дијагностички методи за идентификација на вируси. Пионерка е во развојот на имуноелектронската микроскопија, а благодарение на оваа техника таа ја идентификувала структурата на вирусот на рубеола и хепатитис Б, додека преку ткивната култура успеала да го идентификува за прв пат семејството на коронавируси, одговорни за повеќето респираторни инфекции.

### Немала пари за школување

Џун Далзиел Харт е родена во 1930 година во Глазгов, Шкотска. Растела во скромно семејство и, иако била одлична ученичка, знаела дека нема да има можност да плати за студиите. На шеснаесет години се откажала од школувањето и веднаш почнала да работи како техничарка, со плата од 25 шилинзи неделно, во лабораторијата за хистопатологија на Кралските лекари во Глазгов. Набрзо се преселила во Лондон и добила слична задача во болницата „Сент Бартоломеј“. Во 1954 година се омажила со Енрикес Алмеида, венецуелски уметник. По венчавката, двајцата одлучиле да емигрираат во Канада каде Џун добила работа во Онтарио институтот за канцер во Торонто. Таа не се ограничила себеси да си ја врши само својата работа на техничарка, туку го искористила фактот што тесно соработува со врвни доктори и истражувачи за да го зголеми своето знаење.



Во Канада, во споредба со Велика Британија, постоела поголема отвореност во препознавањето на заслугите на оние што немале академско образование. По неколку години, и покрај тоа што немала квалификации, Џун Алмеида добила можност да стане коавтор на бројни научни публикации со голема вредност, главно поврзани со идентификација и карактеризација на структурата на вируси. Пресвртот стигнал на почетокот на шеесеттите години: за време на посетата на Торонто, Ентони Ватерсон, директор на одделот за микробиологија на Медицинскиот факултет „Сент Томас“ во Лондон, бил восхитен од работата на жената и ја убедил да му се придружи. Така, во 1964 година, Алмеида се вратила во Обединетото Кралство каде останала до крајот на животот.

### Нови техники за идентификување на вируси

По три години во „Сент Томас“, Алмеида дипломирала на медицинскиот факултет и станала доктор на науки; во овој период таа развила техника која - преку имуноелектронска микроскопија - овозможува брзо да се идентификуваат вируси со агрегирање на специфични антитела земени од животни или луѓе, со цел да се овозможат детали за структурата на вирусот. Благодарение на оваа техника за прв пат било можно да се визуелизира вирусот на рубеола и вирусот на хепатитис Б.

Во 1960-те, Алмеида соработувала со Дејвид Тирел, со кого развила нова техника на клеточна култура која опфаќа употреба на ткива земени од носните шуплини. Двајцата научници брзо идентификувале некои од вирусите одговорни за настинката, но и нови вируси кои припаѓаат на семејството коронавирус, причина за бројни респираторни инфекции. Кога своето истражување за откритието на коронавирусот го испратила на едно медицинско списание, ја одбиле, со објаснување дека „приложените фотографии се само лоши фотографии од честички на вирус на настинка“. Сепак, „Бритиш медикал џурнал“ го објавил написот во 1965 година. Токму Алмеида и Тирел биле заслужни и за името коронавирус, поради круната која на вирусните честички им дава карактеристичен изглед.

Џун Алмеида починала во 2007 година, а дури сега го добива признанието кое го заслужила.

СО ЖЕНСКИ ПЕЧАТ

*Коронакризата и модата*

# Сите ќе мораме заедно да го редефинираме нашиот начин на купување

***Не верувам дека баш сите во модниот сектор ќе настрадаат. Додека кризата на пазарот на трудот се продлабочува, тие што секогаш профитирале, профитираат и сега, вели Лидија Георгива, модна дизајнерка и професорка, во разговорот за „Женски печат“.***

*Јасмина Кантарџиева Димков*



**Дали сте знаеле дека за изработка на една маичка се троши вода еквивалент на 70 туширања? За џинсот бројката е уште пострашна – 258!**

Лидија Георгиева е реномирана модна дизајнерка и професорка на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Дизајнерската кариера ја градеше и во Париз, каде се стекнала со државна диплома за модно креирање, а дваесет и една година во Париз работеше на различни одговорни позиции во модниот сектор. Меѓу другите ангажмани во разнични делови од светот, Георгиева седум години работела како „тренд форкастер“ (специјалист кој ги идентификува модните трендови и предвидува кој тренд ќе биде во побарувачка, н.з) за јапонски клиенти и за нив дизајнирала петнаесетина разновидни колекции годишно. Својот моден бренд го лансирала кон крајот на 90-те години.

► ***Светот на модата е особено погоден од коронакризата, на пазарот глобално вреден околу 2.300 милијарди евра, загубите ќе бидат загрижувачки и можно е овој сектор да излезе од кризата не само многу оштетен, туку и радикално променет. Модниот свет гласно размислува на оваа тема, но што се случува кај нас, се водат ли дебати, се слуша ли гласот на дизајнерите?***

- Не верувам дека баш сите во модниот сектор ќе настрадаат. Според тоа што го прочитав во релевантни странски списанија, додека кризата на пазарот на трудот се продлабочува, тие што секогаш профитирале, профитираат и сега. Ова се случува во повеќе сектори, не само во модата. Аманчио Ортега од шпанскиот гигант „Индитекс“, каде спаѓаат марките „Зара“, „Бершка“, „Масимо Дути“ и други, чиишто акции пораснале скоро 15,5 отсто, ја зголемил својата вредност од 7,2 милијарди долари на вртоглави 64, 8 милијарди долари. Не сум поддржувач на таканаречената брза мода, но од овие податоци едноставно ми се смачи. Толку многу пари и моќ на едно место, не е добро ниту за креативните индустрии, ниту за правата на вработените, ниту за екосистемот на планетата.

Слични се бројките и во луксузниот сектор, на пример, кај Бернард Арно, од корпорацијата ЛВМХ (LVMH) чијашто вредност пораснала од 6,3 милијарди на неверојатни 92 милијарди долари.

Што се однесува до нашата јавност, дизајнот и генерално културата секогаш биле споредни теми. Колку што гледам, модата не е присутна, евентуално од економски аспект се разгледува состојбата во текстилната индустрија и правата на работничките, но тоа е работа по систем на лон-производство, не зборуваме за мода. Освен што прочитав на две места неколку изјави од дизајнерите, вклучувајќи ја и мојата за еден моден портал, не видов друго.

***Доколку сте во можност, наместо три, купете една ама вредна креација. Со тоа не само што ја поддржувате независната сцена, туку и придонесувате во борбата против експлоатирање на детскиот труд, сочувувањето на природните ресурси на планетата и фер трговија.***




**Дел од работата како „тренд форкастер“ на Лидија за јапонските клиенти, есен/зима 2003/2004**

► ***Новата насловна страница на италијанскиот „Вог“ е цела бела. Од списанието објаснија дека бела е, пред сè, како знак на почит кон белите мантили, но и како најава за повторно раѓање, светлина по темнината. Како простор подготвен да го поздрави она што ќе дојде: првата страница од приказната допрва ќе биде напишана, мода по Ковид -19. Како ја претпоставуваш таа постковид мода?***

- Проектирањето во иднината на интуитивно ниво е најсофистицираниот дел од оваа работа. Тоа отсекогаш ми било големо уживање, потребно е да се повикаш на искуството, чувството од стомак, креативноста, а дали си бил добар во тоа, ќе се покаже во блиска иднина. Меѓу другото, јас доста успешно и со задоволство работев седум години како „тренд форкастер“ за јапонски клиенти и дизајнирав 15-на разновидни колекции годишно за нив. За да поедноставам, на секоја акција следува реакција – така гледајте на работите. Односно, доколку сте биле затворени и на некој начин лимитирани во вашите желби и потреби за разни ситни и крупни задоволства, во првата возможна прилика вие ќе ги остварите.

Претпоставувам дека една од темите ќе биде поврзана со потреба за спокој, удобност, минимализам, со акцент на нежни тонови, но сигурна сум дека ќе има и спротивна тенденција со експлозија на бои, вкусови и референци од егзотични дестинации и патувања. Доколку технолошката револуција не ни наметне некое досега невидено забрзување на работите, мислам дека некој ќе троши внимателно, рационално, но верувам дека ќе има и доста импулсивни купувања и трошење од чисто задоволство.

► ***Писмото на Џорџо Армани предизвика сензација во изминатите денови. Дизајнерот гледа на оваа криза како можност да се врати вредноста на автентичноста, наведувајќи и дека пред коронапериодот доминирале просечните идеи претставени преку грандиозни кампањи и дека финансиите ја презеле креативноста. Па, оттука смета дека кризата ќе донесе драматичен, но здрав пад. Какво е твоето мислење?***

- Модната индустрија, особено луксузниот сектор, е профитабилна индустрија која носи огромна заработувачка, но за жал е и еден од најголемите загадувачи на планетата. Сите ќе мораме заедно да го редефинираме нашиот начин на купување, а притоа, кај нас веќе гледам кампањи за поддржување на локалното производство во прехрамбената индустрија и секторот туризам.

Тука постојат две сериозни теми: корпоративниот пристап кон креативноста, фактот дека големите корпорации буквално ја убиваат, а притоа креираат вештачки потреби. Тоа е исто духовно осиромашување како и во стерилната холивудска филмска продукција. Кога последен пат сте консумирале нешто навистина оригинално, возбудливо и искрено?

Но тука е сериозен проблем и загадувањето. На пример, дали сте знаеле дека за изработка на една маичка се троши вода еквивалент на 70 туширања? За џинсот бројката е уште пострашна – 258!

Како инсајдер, јас ја набавувам облеката малку поразлично, но никогаш не купувам дизајн за пет евра, бидејќи каков и да е, едноставно не може да чини пет евра. Почнувајќи од садење, реколта и преработка на памукот, па сè до концепција на производот, изработка и дистрибуција. Мојата поента е дека, ДА, дел од потрошувачите имаат финансиски ограничувања, но препорачувам доколку сте во можност, наместо три, купете една ама вредна креација. Со тоа не само што ја поддржувате независната сцена, туку и придонесувате во борбата против експлоатирање на детскиот труд, сочувувањето на природните ресурси на планетата и фер трговија.

► ***Што ѝ недостигаше најмногу на македонската модна сцена пред коронакризата?***

- Непознавање на работата во комбинација со премногу его, ниско ниво на искуство и генерално ниско ниво на софистицираност и сопствен, авторски, креативен израз.

► ***Колку си креативна во овој период, создаваш ли нови модни парчиња? Размислуваат ли луѓето сепак и на дотерувањето?***

- Доколку се стави настрана фактот дека ни се случува крајно непосакувана ситуација, периодов е секако поволен за креација и интроспекција. Фокусот е тука, со студентите работам постојано, но и моите проекти се во тек. Имам одамна започнато неколку дизајни, кои поради презафатеност со други проекти немав време да ги реализирам, сега можам да им се посветам. А за дотерувањето, па тргнете од себе, кој не сака да изгледа привлечно? По социјалните мрежи најмногу се почувствува недостатокот од дружба и гушкање, но секако, кога ќе се сретнеме повторно во живо, не планирате тоа да го правите облечени во тренерките што ги носите дома?

► ***Се претпоставува дека дистанцирањето и носењето заштитни маски ќе остане во пракса долго после кризата. Дали заштитните маски, па и ракавиците, ќе станат нови модни додатоци, на пример, како очилата за сонце?***

*- Маски и ракавици имало и порано на разни ревии, но тоа било како протест против загадувањето или како дистописка референца, но после ова не верувам дека такво нешто ќе се случи. Напротив, мислам дека сите едвај чекаме, кога условите ќе го дозволат тоа, да ги фрлиме маските и да покажеме убави тонови на руменило, нежност и женственост.*

**ПОРОДУВАЊЕ И ДОЕЊЕ ВО ПЕРИОД НА КОРОНАВИРУС** **Јасна Апостолски - Николов**

# И мајката позитивна на коронавирусот може да го дои своето бебе

***Сите родилишта во нашата земја работат под одредени услови и протоколи за заштита од инфекција од коронавирус. Затоа, идните мајки е потребно да ги почитуваат мерките за заштита и спокојни да се подготвуваат за породувањето.***



На актуелните прашања кои ги мачи трудниците, но и мајките доилки, во периодот на коронавирусот, добиваме одговори од Јасна Апостолски - Николов, дипломирана медицинска сестра, прв сертифициран меѓународен консултант за доење во Македонија и едукаторка за психофизичка подготовка на трудници.

***Бремените жени се сметаат за популација подложна на вирусни респираторни инфекции, дури и во однос на едноставен сезонски грип. Како делува овој страв на самата трудница, а преку неа и на бебето кое го носи, и како да се надмине стравот во полза на стабилната психофизичка подготовка за самото породување?***

- Токму така, бремените жени спаѓаат во ризична група, подложна на чести инфекции, не само респираторни. Стравот и она што не чека во моментов во кој се наоѓаме може да придонесе за вознемиреност кај секој човек, особено кај бремените жени кај кои се ближи периодот на породување. Колку и да сакаме да го потиснеме и да се насочиме да мислиме позитивно, секојдневието и вестите што нè опкружуваат им создаваат немир. Искуството од моите трудници од последната група за психофизичка подготовка, кои имаа термин за раѓање во перидов на епидемијата, го докажува токму ова. Ги советувам да ги почитуваат сите мерки за заштита кога излегуваат од дома, да излегуваат доколку мораат, а доколку имаат потреба од лекарски совет најпрво телефонски да го исконтактираат лекарот. Колку повеќе се штитиме нема од што да се плашиме. Стравот и вознемиреноста секако влијаат на бебето, бидејќи тоа додека е во утробата чувствува она што чувствува мајката. Затоа треба да бидат смирени и со позитивни мисли во исчекување на најубавиот момент во нивниот живот - доаѓање на свет на нивното новороденче. Сите родилишта во нашата земја работат под одредени услови и протоколи за заштита од инфекција од коронавирус. Затоа е потребно да ги почитуваат мерките за заштита и да се подготвуваат за породувањето спокојни.

***Како треба да изгледа сега, во период на домашна изолација и ограничен простор психофизичката подготовка на една бремена жена?***

- Часовите кои ги држам за психофизичка подготовка на трудници, всушност се програма која самите трудници не можат да ја спроведат дома. Меѓу сите совети и теми кои ги обработуваме најголем дел од часовите поминуваме на вежбите за дишење кои им помагаат на трудниците да ги совладаат родилните болки за време на родилниот период. Она што би можела сега како совет да им го дадам на трудниците за време на изолацијата, и додека трае епидемијата, е своето слободно време да го искористат во одмор, читање книга, подготовка за бебето, средување на оние работи кои веќе ги купиле за бебето, гледање убави филмови, убаво да се одморат, бидејќи потоа им следува период на „сладок умор“, во кој, во првите 4-6 недели, ќе имаат бројни ноќи без сон. Јас им стојам на располагање на сите кои имаат дилеми или потреба од каков било совет. На интернет-страницата www.zdravobebe.mk имам напишано бројни статии кои можат да им помогнат како за периодот на бременоста, така и за доенечкиот период.

***Загриженоста поврзана со можноста од зараза не завршува со раѓањето на бебето, туку продолжува за време на доењето. Има ли место за паника, има ли докази за преносливост на вирусот преку мајчиното млеко?***

- Сè уште нема докази ниту за вертикална трансмисија - од мајката на бебето при породувањето, ниту е детектирано присуство на вирусот во мајчиното млеко. Мајките можат да го дојат своето бебе. Препораката е дури и мајка која е заразена со коронавирусот да продолжи со доење на бебето.

***Како да се заштити новороденчето од зараза за време на доењето, земајќи предвид дека коронавирусот најлесно се шири со директен контакт. Дали е подобро доењето да биде сепак, преку шишенце?***

- Доколку мајката е позитивна на коронавирусот може да го дои своето бебе притоа почитувајќи ги мерките за заштита: миење раце пред да го земе бебето, да носи заштитна маска додека го дои бебето, миење раце после доењето и редовна дезинфекција на сите површини со кои доаѓа во контакт. Асполутно нема потреба да го храни преку шишенце без разлика дали станува збор за мајчино млеко или формула, доколку здравствената состојба на мајката го дозволува тоа. Доколку е во потешка здравствена состојба и не е во можност да го дои, тогаш може да се издои и мајчино млеко да го даде некој од членовите на фамилијата. Во тој случај треба редовно да се стерилизира и дезинфицира пумпата за измолзување и шишенцата со кои доаѓа во контакт мајката пред и после употреба на истите.

***Што им препорачувате на мајките кои имаат недостаток на млеко во овие вонредни стресни услови, која е најоптималната замена за мајчино млеко?***

- Мојата улога како меѓународен сертифициран консултант за доење не дозволува препорака на адаптирано млеко. Мојата работа е да се утврди зошто е намалена лактацијата, како може мајката да се советува да ја зголеми лактацијата, редовно следење на бебето, а доколку се утврди дека и покрај сè навистина е намалено млекото и тоа не е доволно за раст и развој на бебето, се препорачува консултација со матичен педијатар.

***Што велат најновите трендови од истражувањата, до која возраст е корисно да се дојат децата?***

- Препораката на Светската здравствена организација е ексклузивно доење до шестмесечна возраст, доење со дохрана до една година и со препорака да се продолжи со доењето до две години.

**Ј.К.Д.**



**ЏОРЏО АРМАНИ, ПИСМО ДО МОДНИОТ СВЕТ:**

# Не сакам повеќе да работам вака, неморално е, доста е со расипништво!

***Доста е со модата како игра за комуникација, доста со модни ревии низ целиот свет за да се претставаат бледи идеи. Доста е со забави, со грандиозни шоуа кои денес се откриваат тоа што навистина се: несоодветни, а мислам, дури и вулгарни, пишува славниот моден дизајнер Џорџо Армани во писмото адресирано до модниот свет.***

Неодамна напишаното писмо на италијанскиот моден дизајнер од светски глас, Џорџо Армани (86), има вредност на мапа која укажува на тоа како модниот свет треба одново да започне кога ќе се надмине коронакризата.

„Падот на модниот систем, каков што го знаеме, започна кога луксузниот сектор ги усвои оперативните методи на брза мода со циклусите кои вклучуваат континуирана испорака, со надеж дека ќе се продаде што повеќе. Не сакам повеќе вака да работам, неморално е“, така започнува писмото напишано од Џорџо Армани, испратено на списанието „WWD Women's Wear Daily“, кое е најважно и најугледно списание во модниот сектор.

„Нема никаква смисла некои од моите јакни или костуми да стојат во продавница три недели, веднаш да станат застарени и да бидат заменети со нови, кои не се многу различни од оние што им претходеа. Не работам веќе така, повторувам, сметам дека е неморално да го правам тоа“, пишува Армани. „Отсекогаш верував во идејата за безвременска елеганција, во создавање облека што сугерира уникатен начин за нејзино купување: облека која долго ќе трае и која нема да ја загуби својата важност во иднина. Од истата причина сметам дека е апсурдно што во текот на средината на зимата, во излозите на бутиците да изложуваме ленени фустани, а за време на летото - палта, од едноставна причина што желбата за купување мора веднаш да се задоволи. Кој купува облека за потоа да ја чува во плакар и да чека да пристигне соодветното годишно време за да ја облече? Никој, или навистина мал број на луѓе, барем јас така мислам, но овој систем кој ни го наметнаа стана доминантен менталитет“, продолжува дизајнерот анализирајќи ја моменталната состојба.

„Доста е со спектакли, доста е со отпадот. Веќе три недели работам со моите тимови, така што, по завршувањето, летните колекции ќе останат во бутиците барем до почетокот на септември, како што е природно. И така ќе правиме отсега па натаму. Оваа криза е прекрасна можност да забавиме, да ја исцртаме иднината која ќе биде човечка и автентична. Доста беа шпекулации, доста со расипништво. Оваа криза е исто така прекрасна можност да се врати вредноста на автентичноста: доста е со модата како игра за комуникација, доста со модни ревии низ целиот свет за да се претставаат бледи идеи. Доста е со забавите, со грандиозните шоуа кои денес се откриваат тоа што навистина се: несоодветни, а мислам, дури и вулгарни. Доста е од паради низ целиот свет, реализирани преку патувања што загадуваат. Доста е со трошењето пари за настапите, тие се само четкички на лак за нокти, глазура ставени врз ништо. Моментот низ кој минуваме е турбулентен, но ни нуди единствена можност да го поправиме сè она што не е во ред, да го отстраниме излишното, да најдеме похумана димензија. Ова е можеби најважната лекција од оваа криза“, заклучува Армани.

**ВОДИЧ ЗА СРЕЌА ВО „КОРОНА“ УСЛОВИ** — **Марија Грујиќ - Бепа**

# Како да се биде среќен и слободен во коронакризата

***Гостинка во „Женски печат“ ни е Марија Грујиќ - Бепа, авторка, писателка, учителка за животни вештини, трансформаторка на раните во дарови. Жена инспирација, мотивација, активација, трансформација, импулс. Пријателка на душата. Нинџа. Математичарка, менторка, говорник, велосипедистка, пливачка, танчерка, јогин, трагач, читателка. Виртуоз на секојдневието.***



Многумина веруваат дека животот е последица и прост збир на настани кои ни се случуваат. Јас верувам дека нашиот живот не го прават настаните, туку начинот на кои се однесуваме со нив. Како сме ги превеле на доживувањата. И што со нив сме направиле. Се разбира дека надворешните услови и „настани“ влијаат на нас. Сепак, преводот е наш. И последичната реакција, односно одговорот. Зашто животот може да биде убав и во концентрационен логор, на што одамна ни укажа Виктор Франкл, кој трагаше и ја наоѓаше смислата на животот во концентрациониот логор. Исто како што знаеме дека животот не мора нужно да биде убав на егзотичните лежалки, за кои многумина сонуваат. Тоа се митови за среќа кои ни ги продаде конзумеристичкото општество. И далеку се од вистината. Рајот не е конфекциска роба, ниту скапа фирмирана роба. И не се наоѓа готов. Рајот е рачна работа. Која секој за себе мора да си ја направи. Животот е дар на природата. А убавиот живот е дар на мудроста. За тоа знаеше и Аристотел.

Како да се биде среќен во овие чудни времиња? Во добро е полесно да се биде добро. Предизвикувачките времиња од нас бараат да бидеме нешто повеќе. Баш како и ова чудно време што бара од нас нешто чудно. Ново. Нешто што долго не сме го правеле. Некои никогаш. Да влеземе во себе. Денешното време го повикува секој од нас да ја осмисли својата среќа.

За мене слобода е да можам да се изразам. Да се живеам себе. И да можам да се движам на својот пат. А друга слобода ми е да не бидам роб на самата себе. Ниту роб на својот пат. Да имам повеќе различни начини да ја живеам својата слобода. Важно е да имаме повеќе различни изрази, да не бидеме роботи, луѓе од еден канал, и со еден израз. Да ги активираме сите свои потенцијали. И телесни и ментални, и начините како да се поврземе со светот. Да можеме да избираме. Тоа е слободата на избор. Слобода да одберам од она што е во дадени услови можно. Баш како што живеењето на автоматски пилот ми е поим за ултимативна неслобода. Тоа како луѓето живееа пред пандемијата, тоа е за мене апсолутна неслобода. Го правеа тоа што сите го правеа. Одеа таму каде што сите одеа. И го купуваа истото што сите го купиле. Работи ден и ноќ. Кукај в понеделник. Купувај. Патувај. Фотографирај. Уште. И одново. Тоа не е слобода, туку робија. Овој момент, во својата ограничена слобода, нè води да разбереме и да живееме нова и уште попотполна слобода.

Баш како што носиме ракавици, маски и се изолираме од потенцијалниот вирус, така е потребно да се заштитиме и од пандемијата на страв и паника. Да ставиме филтери на сè што пуштаме во својот амбиент. Во својата аура. Ако често сме изложени на радијацијата на стравот и паника, секојпат кога ќе нè допрат, да ги измиеме рацете. Барем 20 секунди. Да ја измиеме радијацијата од себе. И дишењето е моќна работа. Свесни вдишувања. Еден, два, три. Така го вдишуваме животот. Животната сила. И се потсетуваме на себе. И на својот пат, и на својата вистина. Да се изберат соговорници, тоа е најважно.

Ниеден човек не е наш пријател. Ниеден човек не е ни наш непријател. Секој човек е наш учител, велат Јапонците. Научивме да се бориме со сè што го нарековме лошо. И така се бориме со сè што е „лошо“. Со корупцијата, со тероризмот, со болестите, пандемијата, со внатрешните непријатели. И што повеќе се бориме, тоа повеќе ги имаме. Време е да го смениме принципот. Надвор од идејата за добро и лошо се наоѓа поле. И решение. Задачата ни е ситуацијата да ја ставиме во малку поширок контекст, во кој се наоѓа решение. Време е да си го поставиме себеси прашањето - на што нè повикува сегашниот момент? Како да ги разбереме неговите пораки? Како би можеле да го искористиме? А, ми изгледа дека овој момент е многу директен. Не треба да го толкуваме. Само да го гледаме. Нè испрати дома. Во себе. Во своите плакари. И без врска е да се лутиме. Имаме слобода да ги избереме фиоките на нашата свесност и нашиот живот кои бараат да ги средиме. Колективно да се излечиме. Се чувствувам многу почестена и привилегирана што имам прилика да бидам современик на еден ваков планетарно важен момент, во кој планетарно минуваме низ голема трансформација. И во која е видлива промената на свесност. И во тоа да учествувам. Хаосот е многу потентен, тој е самата матка на создавањето, и не треба да му се противиме, туку да му дозволиме да не спроведе преку нешто ново. Потребна е доверба. Верба. Животот е сепак постар. Сепак, тој задава теми. А наше е да ги разбереме и да ги свртиме на својата воденица.

Се загледавме во минатото. Во тоа што го немаме. Во дворот на соседот. Додека нашето е несредено. И му се лутиме на животот. Врескаме неправда. Нас нè доживувам како големи деца кои се лутат, додека гледаат како нивните браќа и сестри добиле поубава играчка. А својата играчка уште не ја ни отвориле. Веќе кутијата и пакувањето ни се чинат неправедни. Мислам дека сме несреќни затоа што не преземаме одговорност за својот живот, туку сме во вечна потрага за големиот татко. За водач. Диктатор. Па тогаш од таков татко повремено добиваме по газето, и така, во круг.

Од толкава јанг-јанг машка ефикасна енергија, која веќе не знаеше каде удира, стигнавме во природното продолжение. Во јин-јин енергијата. На земјата, која е кружна, плус бесконечно се сретнува со минусот бесконечно. Тоа е иста точка. До оваа точка стигнавме уште одамна, уште во времето кога Тесла живееше. Само што сега го дотеравме царот до ѕидот. До овој момент нè донесе машката енергија. Неа сега и треба малку одмор. На ред е оплеменување и негување на она што сме го направиле. И игра. Зашто станавме навистина уморни. И овој наш свет остаре. Од нашата сериозност. Заборавивме да си играме. Бевме само ефикасни. Уште. Повеќе. Во сè. Станавме шампиони во редење на лежалки на Титаник. На ред е не-ефикасноста. Време е за ефективност. Да се прават вистински работи. Да се пренасочи Титаник во друга насока. И малку да се позабавуваме. Токму тие две енергии, женската и универзалната детска, нè повикаа дома. Малку да се одмориме. Да се смириме. Стишиме. Да го слушнеме својот пулс. Својот здив. Да се оддалечиме од нашата секојдневница. Да се понегуваме себеси. И своите најблиски. Да слушнеме што сакаме. Што нè радува, а што веќе не сакаме. И да си играме.



Фотографии: Ненад Тасиќ Таса

**ЖЕНСКИ ПЕЧАТ**

**Уредува:** Јасмина Кантарџиева Димков
**Лектор:** Теодора Циклевска
**Женска поддршка:** Валентина Ташева, Наташа Смилеска, Анита Митровска и Ивана Николовска

Зборовите се бесплатни. Начинот на кој ги користите може да ве чини цело богатство.

**Идеален начин на исхрана по празниците.**

# Јадете варени јајца и ослабете

**Овој начин на исхрана ќе ви понуди две предности. Првата од нив е тоа што ќе ги „дојадете“ сите јајца што ќе ви останат по празникот, а вториот бенефит е тоа што ќе си ја доведете линијата до совршенство.**

Празниците се денови кога постојано се јаде. Тогаш трпезите се полни со храна, а велигденската трпеза традиционално изобилува со голем број свежи и кремасти салати, скара, јагнешко месо и се разбира неодминливите велигденски јајца.

Целата оваа храна, кога се јаде во големи количини и која е придружувана со поголемо количество алкохол, претставува вистинска закана за здравјето, но и за тежината.

Многумина по празниците се обидуваат да го променат начинот на исхрана, сè со цел да го намалат вишокот килограми и да изгледаат убаво, но и да бидат многу поздрави. Токму поради зачувување на здравјето, но и за подобрување на визуелниот изглед, обидете се да го намалите вишокот на килограми што го имате со познатата „Диета со варени јајца“. Овој начин на исхрана нуди две предности. Првата од нив е тоа што ќе ги „дојадете“ сите јајца што ќе ви останат по празникот, а втората е што ќе ја доведете линијата до совршенство.

Сепак, за да го започнете овој начин на исхрана, треба да сте комплетно здрави, односно да не сте имале порано болести поврзани со покачени маснотии или, пак, триглицериди во крвта. Во спротивно, никако не започнувајте го овој начин на слабеење, бидејќи во составот на жолчката има голем број маснотии, кои доколку ги внесувате во исхраната, можат сериозно да му наштетат на вашето здравје.

Доколку не сте имале никакви кардиоваскуларни проблеми и сакате да се обидете со овој начин на исхрана, исто така мора да знаете и дека, додека ја држите оваа диета, потребно е да пиете големо количество течности, природно цедени сокови и вода. Дневната доза на течности е 2 до 2,5 литри. За време на ручекот дозволена е чаша бело или црвено вино.

Диетата со јајца се држи шест дена или, пак, двапати по шест дена, односно само дванаесет дена. Слабеењето е индивидуално, но во просек се губат по 3 до 4 килограми.

За време на диетата, појадокот и ужината се исти за сите денови.



**ПОЈАДОК – ОВОШЕН ЈОГУРТ -** Иако треба да јадете овошен јогурт, сепак избегнувајте готови овошни јогурти, бидејќи во нивниот состав се содржани поголеми количества шеќер и конзерванси. Затоа, обидете се сами да ги подготвите со омиленото овошје. Постапката за подготовка е многу едноставна. Во блендер ставете јогурт околу 500 милилитри и додајте сезонско овошје по желба. Убаво измиксирајте ги состојките и ставете го во фрижидер, а потоа од него јадете по потреба.

**УЖИНА -** Ужината мора да се состои од природно цеден сок од јаболка, морков и грејпфрут. Овие плодови се препорачливи бидејќи содржат витамин Ц, но и многу малку калории.

**ПРВ ДЕН.**

**Ручек –** 3 варени јајца, марула, млado кромитче, маслиново масло, маслинки. Од овие намирници подгответе си салата. На крај од ручекот напијте се бистра супа.

**Вечера –** 2 варени јајца, шопска салата.

**ВТОР ДЕН.**

**Ручек –** Околу 200 грама спанаќ, кратко издинстајте го со маслиново масло, малку вода, млад кромид, лук, домати и морков. Откако спанаќот ќе омекне, во него изрендајте две варени јајца. Тргнете го јадењето од рингла и изедете го во комбинација со салата направена од свежо цвекло, морков и зелка.

**Вечера –** За овој оброк, изедете едно варено јајце во комбинација со околу 50 грама кисела павлака со ниска масленост и младо лукче.

**ТРЕТ ДЕН.**

Овој ден, е единствениот ден додека трае оваа диета во која јадењето варени јајца, комплетно е изоставено. Претпладне се јаде разновидно овошје, а потоа, во текот на целиот ден, јадете свеж сезонски зеленчук без да додадете каков било зачин.



**ЧЕТВРТИ ДЕН.**

**Ручек –** Во подлабок сад изрендајте три варени јајца, а потоа исечкајте прокељ, брокула, карфиол, зелка... Салатата зачинете ја со малку сол и маслиново масло. Доколку сакате, можете да исцедите и сок од еден лимон.

**Вечера –** За овој оброк исечкајте едно варено јајце, кромид и краставица, измешајте и зачинете по ваша желба.

**ПЕТТИ ДЕН.**

**Ручек –** За ручек јадете спанаќ, млада коприва, брокула, односно што и да имате можност да набавите. Издинстајте и во нив додајте три варени јајца, сечкан млад кромид и неколку исечкани домати.

**Вечера –** За да ја задоволите потребата за храна, за овој оброк изедете едно варено јајце, во комбинација со исечкана марула, малку кисела павлака и младо кромитче.

**ШЕСТИ ДЕН.**

За време на шестиот ден јадете ги истите оброци како во третиот ден.

**Совет.**

# Рецепти со кои ќе ги „потрошите“ велигденските јајца

• Доколку сте од оние што бојат голем број јајца во пресрет на најголемиот христијански празник Велигден, кога празникот ќе заврши, сигурно секоја година сте во дилема што да направите со преостанатите. Обидете се да направите некој од овие рецепти, со кои не само што ќе ги „потрошите“ јајцата, туку и ќе направите сосема нови оброци од чиј што вкус ќе бидат воодушевени вашите најблиски.



**ПОХУВАНИ ВАРЕНИ ЈАЈЦА**

- 10 варени јајца
- 2 свежи јајца
- 100 грама салама по ваш избор
- 100 грама кашкавал
- 100 грама брашно
- 100 грама презла
- зачини по желба

Јајцата излупете ги и исечете ги на половина. Од нив, исчистете ја жолчката и наместо неа, наполнете го просторот со претходно изренданите салама и кашкавал. Потоа, затворете го јајцето со другата половина и извалкајте го јајцето во брашното во кое сте ги додале зачините. Мацнете го јајцето во изматените свежи јајца, а потоа наросете го со презла. Вака подготвеното јајце, пржете го во загреано масло. Оваа постапка повторувајте ја со преостанатите јајца.

**РОЛАТ СО ВАРЕНИ ЈАЈЦА И СПАНАЌ**

ЗА ТЕСТО:

- 300 грама брашно
- 1 коцка квасец
- 200 милилитри јогурт
- 1 јајце
- 100 грама маргарин
- малку сол
- 100 милилитри масло за јадење
- 100 милилитри млака вода

ЗА ФИЛ:

- 200 грама обарен спанаќ
- млад кромид
- млад лук
- малку свеж магдонос
- 2 лажици презла
- 3 изрендани варени јајца
- зачини по желба



Во подлабок сад, ставете го брашното, додајте малку сол и неколку зрнца шеќер. Во млаката вода растворете го квасецот, а потоа додајте го во садот со брашното. На крај, додајте ги сите други состојки потребни за подготовка на тестото. Прво измешајте ги со лажица, а потоа убаво измесете ги со рака. Тестото оставете го да отстои додека го подготвувате филот.

Во друг сад, изрендајте ги јајцата, додајте го претходно обарениот спанаќ, ситно исечканиот лук, кромид и магдонос, како и преостанатите состојки. Убаво измешајте ги.

Наросете брашно на работната површина, а потоа со сукало развлечете кора од тестото. Во средината на кората истурете го филот и замотајте како ролат. Одозгора премачкајте го со јајца и наросете го со сусам. Печете во претходно загреана рерна на 200 степени околу еден час.

**РОЛАТ СО МЕЛЕНО МЕСО И ЈАЈЦА**

- 500 грама мешано мелено месо
- 1 јајце
- 1 лажица сенф
- 1 средина од парче леб
- 100 милилитри млеко



- 1 главица кромид
- зачини по желба
- неколку варени јајца

Во сад ставете го меленото месо, ситно исечканиот кромид, јајцето, изронетите трошки што претходно сте ги потопиле во малку млеко како и сенфот. Сите состојки убаво измесете ги со рака. На поголем дел алуминиумска фолија, која претходно сте на намачкале со зејтин нанесете ја смесата во вид на правоаголник. Во средишниот дел, ставете јајца по целата должина. Меленото месо обликувајте го во форма на ролат. Завиткајте го во фолијата. Печете во претходно загреана рерна на 200 степени 40 минути заедно со фолијата, а потоа отстранете ја и печете уште 10 минути за да добие убава боја.

Здравје

Здравјето е најголемиот дар, задоволството е најголемото богатство, верноста е најдобриот однос.

**Гаутама Буда**

**Студија открива кој е во најголема опасност од коронавирус.**

# Колку која болест го зголемува ризикот од компликации во случај на ковид-19

**Лекарите од почетокот на пандемијата со ковид-19 предупредуваат дека сите хронични пациенти имаат значајно поголем ризик за компликација на болеста.**

Колку еден, два или повеќе здравствени ризици ја зголемуваат можноста пациент заразен со коронавирус да има компликации и да заврши на лекување на интензивна нега, па дури и да умре, покажала новата кинеска студија спроведена на 1.590 пациенти.

На пример, смртен исход бил поверојатен кај оние што имале некој здравствен проблем и тоа за 8,8 отсто, додека кај оние пациенти без такви проблеми процентот изнесувал 1,3 отсто. Со порастот на бројот на коморбидитети (придружни состојби, ризици за здравјето), ризикот бил поголем. За оние што имале два ризика, веројатноста за лош исход била 160 отсто поголема, а за 80 отсто за оние со еден ризик. За пациентите со ХОББ (хронична опструктивна белодробна болест) ризикот за лош исход бил 160 отсто поголем.

## Висок крвен притисок

Најлошо поминуваат онколошките пациенти на кои ракот им го зголемува ризикот за 250 отсто. Тоа го потврдуваат и италијанските истражувања, кои покажале дека најголем број од жртвите на коронавирус (99 отсто) имале некои здравствени дефицити, а дури половина од нив имале три и повеќе болести пред да бидат заразени со новиот коронавирус. Истражувањето на 355 смртни случаи во Италија покажало дека само три жртви или 0,8 отсто претходно биле целосно здрави.

Доволен е само еден здравствен ризик, на пример, висок крвен притисок, па заразата со коронавирус да заврши кобно, дури и за помлад пациент, односно опасноста да се удвои. Имено, лекарите од почетокот на пандемијата со ковид-19 предупредуваат дека сите хронични пациенти имаат значајно поголем ризик за компликација на болеста, па токму затоа тие треба дополнително да се чуваат од зараза со овој вирус.

Затоа, речиси два месеца и во Македонија откако секојдневно се објавува бројот на новозаразени со коронавирус, но, за жал, и бројот на починати, неретко се спомнуваат и претходни хронични болести, односно кажано со медицински јазик – коморбидитети. Стручњаците постојано нагласуваат дека вирусот е исклучително опасен за оние чие здравје е нежно, кревко, односно за лицата од ранливите групи. Тоа го покажа и текот на болеста на пациентите во нашата земја – односно починати од коронавирусот, кој во поголем процент се пациенти над 60 години и со историја на болести.



**Речиси два месеца и во Македонија секојдневно се објавува бројот на новозаразени со коронавирусот, но, за жал, и бројот на починати, неретко се спомнуваат и претходни хронични болести. Стручњаците постојано нагласуваат дека ковид-19 е исклучително опасен за оние чие здравје е нежно.**



## Интензивна нега

Најновата студија што ја водела Веи-Ји-Гуан од медицинскиот факултет во Гуангхоу покажала дека само еден здравствен ризик го зголемува смртниот исход во случај на зараза со коронавирус за дури 80 отсто и дека кога ќе се здружат коронавирусот и некоја хронична болест, шансите да се заврши на интензивна нега или со смртност, за тие пациенти е 20 отсто, додека за здравите луѓе изнесува 5 отсто.

Најризични се пациентите што имаат рак и чиј ризик е 250 отсто поголем или оние со хронично опструктивна болест на белите дробови (ХОББ) од која една четвртина со ковид-19 починале, а половина од тие пациенти морале да се лекуваат на одделенијата за интензивна нега.

За споредба, стапката биле за петпати помала за оние со висок крвен притисок или дијабетес, како и со кардиоваскуларни болести.

Во студијата биле анализирани 1.590 пациенти хоспитализирани во декември лани и во февруари оваа година во кинеските болници. Нивната просечна возраст била 49 години, а биле згрижени во 575 болници во 31 кинеска провинција, што значи дека не ги вклучувала оние пациенти со благи симптоми што се лекувале дома. Од болничките пациенти, 16 отсто имале тешка форма на болеста, а 8,2 отсто поминале интензивна нега, респиратор или починале.

Се покажало дека најчести проблеми биле високиот крвен притисок, срцевите болести и дијабетесот. Околу 76 отсто од починатите имале висок крвен притисок, 35 отсто имале дијабетес, 33 отсто исхемична болест на срцето. Засега не се знае зошто луѓето со висок крвен притисок се толку чувствителни на коронавирусот.

# Коронавирусот може да влијае врз редовните менструални циклуси, познати се и симптомите

• Додека пандемијата на коронавирусот продолжува да предизвикува глобална несигурност и сомнеж, сосема е природно да сте загрижени и да чувствувате неизвесност. Веќе можеби сега забележувате некои знаци на стрес, какви што се хронична мигрена или проблеми со спиењето.

Сепак, ова не се единствените последици бидејќи стресот може да влијае врз сите делови од телото. Во последно време, поголем број жени пријавиле дека имаат нередовен менструален циклус – доживеале сѐ, од гадење до рана менструација и интензивни грчеви во стомакот.

Ако забележавте некоја од овие промени, сигурно не сте единствени. Стресот може да влијае врз менструацијата во текот на следните неколку месеци.

Стресот го активира хормоналниот склоп во телото, познат како хипоталамично-хипофизно-адреналнa (ХПА) оска што го поттикнува ослободувањето на хормонот на стрес кортизолот и хормонот што го ослободува кортикотропинот. Овие три компоненти заедно помагаат во контролата на реакциите на стресот во телото. Прекумерното ослободување на кортизолот може да го потисне нормалното ниво на репродуктивните хормони, што потенцијално доведува до абнормални овулации што може да го наруши циклусот, објаснуваат гинеколозите.

Ваквото нарушување може да доведе до доцнење на менструацијата или, пак, воопшто да немате.

Жените исто така може да имаат силни менструални болки, бидејќи слабата контрола и малата поддршка од околината се двата главни фактори поврзани со дисменореја (болна менструација).

Дури и ако сѐ уште не сте искусиле ниту една од овие промени во менструалниот циклус, сѐ уште постои шанса стресната состојба предизвикана од пандемијата на коронавирусот да влијае врз појавата на интензивна болка.

Меѓутоа, гинеколозите предупредуваат дека промените можеби нема да бидат очигледни веднаш. Стресот од изминатиот период исто така може да влијае врз зачестеноста на дисменореја, така што некој нема веднаш да има болна менструација како резултат на стресот, туку можеби дури следниот месец.



# Спорт

**Ракомет** Европска клупска ранг-листа (1956-2019)



# Вардар на 22 место, Македонија на 16-то

**На вечната клупска ранг-листа во периодот од 1956 до 2019 година македонскиот ракомет солидно е рангиран. Вадар е на 22. место од 195 клубови, а меѓу земјите Македонија е 16. на листата од 31 нација.**

Познатиот ракометен сајт „Хендбол планет“ направи интересна ранг-листа на најдобрите клубови во периодот од 1956 година до 2019 година во Европа. Врз база на тие податоци, направена е и ранг-листа на земјите според постигнувањата на нивните клубови. Според овие ранг-листи Вардар е на 22. место од 195 клуба. Македонија е на 16. место од 31 земја. При подготвувањето на листата не се земени предвид само освоените титули во четирите натпреварувања (Лига на шампионите, Куп на победниците на куповите, ЕХФ Купот и Челинџ купот), туку и учествата во финалињата односно во полуфиналињата.

Според оваа листа, Вардар се наоѓа на делба на 22. место со клубот Бјеловар. Вардар има вкупно 26,25 поени, кои се заработени од двете титули од Лигата на шампионите, едното полуфинале во ЛШ и трите полуфиналиња во Купот на победниците на куповите. Според системот на бодување за титулите во ЛШ, Вардар се здобил вкупно 20 поени (двапати по десет), а полуфиналето од 2018 година му донесе 2,5 бода. Трите полуфиналиња во КПК за Вардар значат 3,75 поени зашто секое полуфинале се бодува со по 1,25 бода.

На оваа ранг-листа е и Еурофарм Пелистер. Битолчани додека сè уште се викаа Пелистер, играа полуфинале во КПК и од него имаат 1,25 бода. За финалето во Челинџ купот добија исто така 1,25 бода. Со вкупно 2,5 поени Еурофарм Пелистер е на 109. место од 195 рангирани екипи.

На прво место на клупската ранг-листа е Барселона со 160 поени, втор е германски Гумерсбах (103), трет е Кил (87,5), па Магдебург (61,25), Сиудад Реал (55,62), Дукла Прага (54,37), Гопинген (50), Фленсбург (50), Веспрем (48,75), Загреб (46,25)...

Македонија со бодовите што ги донесоа Вардар и Пелистер има 28,7 поени и со нив го дели 16. место со БиХ. Прва земја е Германија, која собира поени од 28 свои клубови и има вкупно 602,36 поени. Следува Шпанија со 17 екипи, кои ѝ носат 433,11 поени. Трета е Романија со 10 клуба и со 106,24 поени.

Меѓу првите 20 Македонија има најкратко учество бидејќи резултатите што носат поени на нашите клубови се од 1996 до 2019 година. Кај повеќето други земји стажот е со децении подолг.

**Италија.**

## Фудбалерите на Рома се откажаа од платите

Фудбалерите и стручниот штаб на Рома се согласија да се откажат од платите во наредните четири месеци и така му помогнат на клубот за време на пандемијата на коронавирусот. Серија А е суспендирана од 9 март и не е познато кога ќе продолжи. Рома објави дека играчите се откажале од платите што требаше да ги добијат помеѓу март и закажаниот крај на сезоната во јуни.

Покрај тоа, играчите се согласија да се зголемат платите за работната заедница во клубот, кои сите се ставени на програмата на италијанската влада за социјална сигурност за да им помогнат да имаат редовни месечни примања.

**Кошарка.**




## Давитков заминува од Кадсија

Јорданчо Давитков официјално се раздели со кошаркарскиот клуб од Кувајт, Кадсија. Оваа информација поранешниот селектор на нашата сениорска кошаркарска репрезентација ја потврди на својот фејсбук-профил:

– По шест години во Кадсија (2008-2011) и (2017-2020 година) и освојување седум шампионски титули (четири национални титули, две во националниот куп и една меѓународна ГЦЦ титула), време е за збогум. Благодарност до раководството на Кадсија, навивачите, стручниот штаб и играчите. Среќно на сите – се зборовите на Давитков на Фејсбук.

Овој 56-годишен стратег во тренерската кариера ги водеше уште Никол Ферт, Поло Трејд, Балкан Стил, Работнички, Струмица 2005, Снифел, Ал Јахраа, Ал Васл Дубаи, Ал-Шааб, Банијас Клуб, а беше дел и до селекцијата на Кувајт.

**Фудбал** Наши интернационалци

## Седлоски ќе ги води надежите на Динамо?



Како што пренесуваат хрватските медиуми, поранешниот македонски репрезентативец би можел да го води вториот тим на Динамо Загреб. Своевремено како професионален фудбалер Гоце Седлоски беше дел од првата екипа на „модрите“ со кои успеа трипати да биде шампион во најсилното хрватско првенство.

Неколкупати се шпекулираше и како прв кандидат да ги води најдобрите на Динамо Загреб (во чии редови игра нашиот репрезентативец Аријан Адеми), но немаше трансфер. Но, еве, можно е да биде дел од „Максимир“, но во втората екипа како замена за Игор Јовичевиќ, кој би требало да седне на клупата на првата екипа.

Во комбинација беа уште тренерот на Истра, Иван Прелец и поранешниот кормилар на Горица, Сергеј Јакировиќ, но изборот падна очигледно на Македонецот. 46-годишниот стратег во тренерската кариера ги водеше уште Турново, Вардар, Рига и Широки Бријег.

Инаку вториот тим на Динамо Загреб до прекинот на сезоната поради пандемијата на коронавирусот имаше успешна сезона во младинската Лига на шампионите. Во осминафиналето го елиминираше Баерн Минхен, а во четвртфиналето хрватската екипа треба да ги одмери силите против Бенфика.

# Забава

## Занимливости.

## Возел 209 километри на час за да му избега на коронавирусот

• Секој возач сигурно досега неколкупати се обидел со најразлични изговори да ја убеди полицијата да не го казнува и покрај тоа што направил одреден сообраќаен прекршок.



Сепак, двајца Англичани имаат оригинални објаснувања околу причината поради која возеле со огромна брзина, притоа загрозувајќи си ја својата, но и безбедноста на другите учесници во сообраќајот.

Имено, англиската полиција запрела мотоциклист што возел со неверојатни 209 километри на час. Мотоциклистот се обидел да најде чуден изговор за да ја избегне казната. Тој на полицајците им рекол: „Бегав од коронавирусот. Мислам дека се мали шансите да се заразам ако возам брзо“.

